*СТЈЕПАН АНТОЉАК*

# ИСТРА И ЛАНГОБАРДИТЕ

## 1.

Спроти доаѓањето на Лангобардите во Северна Италија, како што се гледа од современите писмени извори, византинска Истра беше, во управно-политички и во црковен поглед обединета со Венеција. Во световен поглед со двете земји управуваше Византинец со титула патрициј, а во црковен еден заеднички патријарх со седиште во Град.[1] За Лангобардите како и за нивните предходници Источните Готи, а во врска со нашите предели, особно со Истра, во нашата поранешна и сегашна историографија многу малку се пишувало и на тоа прашање недоволно му се обрнувало внимание.

Меѓутоа, врз основа на современите извори, кои зборуваат, како за Источните Готи така и за Лангобардите, се забележува колку значајна улога одиграле тие во овие предели на нашата земја, со кои тие стапиле во контакт. Особено тоа се однесува на Лангобардите, чија што маршрута на влегување во Италија во прв ред ни денес не е точно определена.

Многу добро е познато дека тие, на повик од византинскиот војсководец Нарзес, тргнале за Италија од Панонија, која ја препуштиле на Аварите.[2] Иако не се знае точно, каде тие оделе — и затоа се претпоставува се и сешто — едно е сигурно дека Лангобардите оделе кон својата цел преку еден дел на Норик[3] кој бил во нивна власт[4].

---

[1] S. Antoljak, Problematika najranijeg doselenja i nastajanja Slavena-Hrvata u Istri, Starine JAZU 48, Zagreb, 1958, 47, 62, 63.

[2] За ова: Origo gentis Langobardorum, кој nastanal o.670 г. (Fr. Kos, Gradivo za zgodovino Slovencev v srednjem veku I, Ljubljana 1902, 67).

[3] За Норик и Лангобардите види S. Antoljak. Što zapravo znači u Prokopij izraz „Νορικων τε πόλει"?, Zbornik radova SAN XLIX, Vizantološki institut, Beograd 1956, 45—51.

[4] Fr. Kos погрешно претпоставува дека можеби со неа господареле Франките (Fr. Kos. o. c., I, 67).

Каде тие влегле во северниот дел на Италија и каде е тоа т.н. „mons Regis", т.е. „Кралевскиот рид"?

Секако дека најстар извор за тоа е Павле Ѓакон, кој опишува како лангобардскиот крал Албоин на 2. IV 568 година ја напуштил со своите Лангобарди Панонија и со сета своја војска стигнал до крајните граници на Италија. Таму тој се искачил на еден рид од каде што можел да види еден дел од Италија. Поради тоа, подоцна како што се раскажува, тоа место е наречено Кралевски рид (брдо), каде пак според приказните живееат диви говеда. Оттаму Албоин без било какви пречки влегол во Венеција.

Андрија којшто бил свештеник од Бергам, во својата „Historia", напишана о. 877 год., само вели дека Лангобардите влегле во Италија преку Фурланија. Chronicon patriarchum Aquilensium primum (IX в.) и alterum (почеток на XIII в.) пишуваат дека Лангобардите прво стигнале во Фурланија[5], а Romualdus Salernitanus во својата хроника под 568 год. донесува само како *Албоин* заминал со Лангобардите од Панонија и влегол во Италија[6]. Дандоло пишува дека *Албоин* откако стигнал до крајните граници на Италија, се искачил на еден рид за да ја види Италија и овој рид поради тоа е наречен Кралевски рид. Подоцна тој преминал во старата покраина на Венецијанците Фурланија.[7] Matija Palmerius (1406—1475),[8] изнесува дека во 572 година Лангобардите под водство на Албоин во големо мнозинство преку Срем влегле во Италија и ја држеле 204 години.[9] Platina (Bartolomeo Sacchi detto Platina, у. 1481)[10] вели дека *Албоин* откако го послушал Нарзес, преку Срем влегол во Италија и најпрво ја освоил Венеција.[11]. Додека, Sigonio (р. 1520-у.1584)[12] пишува (во De Regn. itallib. I, ann. 587) дека Албоин Истраните ги заобиколил при своето минување.[13] J. L. Schönleben изнесува дека ридот на кој се искачил Албоин на словенски јазик се вика „Kraljevi vérh" и дека тоа место се наоѓа помеѓу Риека и Бакар, а блиску до „Грубник".[14] J.W. Valvasor пишува дека тој рид се наоѓа во старата Јапидија на границата на денешната Крањска и дека и денес на „in Sclavonicher Sprache" се вика „Kralevski verh", тоест „Königsberg" блиску до

---

[5] Fr. Kos, o.c. I, 68, 69, LXV, 70, LXX, 70.

[6] Romualdi Salernitani Chronicon, RIS f. 166, т. VII, p. I, Bologna 1919, 116.

[7] „. . .qut (t. j. Alboinus) cum ad extremos Ytalie fines pervenisset, montem ascendit, ut contemplaret Ytaliam, qut mons propterea mons reqis appellatus est; et postea ingressus Venetorum antiquam provinciam Foroiulii. . ." (A. Danduli Chronica per extensum descripta aa 46—1280 RIS f. 313, Bologna 1938, 75). Види Fr. Kos (o.c. I, 71), кој го ползувал Мураториј и текстот му се разликува од овој што ние го донесуваме.

[8] Enciclopedia italiana XXVI, Roma 1935, 143.

[9] Matthei Palmerii, Liber de temporibus, RIS f. 42, t. XXVI, p. 1, Città di Castello 1906, 58.

[10] Enciclopedia italiana XXVII, Roma 1935, 507.

[11] Platynae Liber de vita Christi ac omnium pontificum, RIS f. 129. f. III, p. l, Città di Castello 1914. 93.

[12] Enciclopedia italiana XXX, Roma 1936, 761.

[13] G. Negri, Memorie storiche della città di diocesi di Parenzo, Atti e memorie della società istriana di archeologia e storia patria III, Parenzo 1887, 160.

[14] J. L. Schönleben, Carniola antiqua et nova, Labaci 1681. 312.

Ѓробник а помеѓу Риека и Бакар, како што тоа Schönleben го дознал усно од личностите кои ги знаат тие места, и наведува дека само еден дел од Албоиновата војска се движела по оваа патека.[15]

I. dell Croce, цитирајќи ги Павле Ѓакон и Дандоло, изнесува разни мислења од другите писатели каде е положбата на овој рид и додава колку се далеку од вистината овие автори. Притоа тој наведува еден голем броој на ридови кои лежат во средна Италија, а кои претставуваат пречка за секаков јасен поглед кон неа. Така тој го наведува мислењето на Schönleben за убикацијата на овој рид, како на словенски јазик се викал, а што на италијански значи Monte Reggio а по кого пак и пределот блиску до него се вика денес „Kraleviza“ I.[16]

A. Linhart исто така го пренесува мислењето на Schönleben за местото и положбата на овој рид, но со него не се слага дека тука поминал Албоин[17].

P. Kandler пишува во 1850 г., дека Албоин 568 г. се искачил на ридот Nanos или Monte Re, додека лангообардските чети ја поминале горна Истра,[18] и сето тоа тој го повторува и во 1855 година.[19]

Дека станува збор токму за ридот Monte Re, Kandler тоа го докажува во својот труд „Se il Monte Regio sul quale ascese Alboino nel suo entrare in Italia fosse in Nanos, od il Predil“?[20]

C. de Franceschi пишува дека тој рид секако е денешниот Nanos,[21] додека C. Gregorutti вели дека освен ридот Nanos никој друг рид не може да биде Monte Re, наведен од Павле Ѓакон.[22]

G. Kobler пак претпоставува дека тој рид бил кај Краљевица.[23] Fr. Kos пишувајќи дека Лангобардите од Панонија можеби оделе по стариот римски пат кој водел од Птуј преку Љубљана и Хрушице во Випавската долина. Притоа самиот вели дека не се знае кој е тој рид и дека со сигурност не може да се тврди оти тоа е Nanos, а уште помалку е веројатно дека тоа можел да биде Matajur. Тој оди толку далеку што верува дека кралот Албоин не се искачил на никаков рид, бидејќи можел многу лесно од тука, од било која пониска планина да го види поголемиот дел на Фурланија.[24]

---

[15] J. W. Walvasor, Die Ehre des Herzogthums Krain IV, Laibach-Nürnberg 1689, 237. 238.

[16] J. della Croce, Historia antica, e moderna, sacra, e profana della città di Trieste, Venetia 1698, 529.

[17] A. Linhart, Versuch einer Geschichte von Krain und der übrigen südlichen Slaven Öesterrreichs II, Laibach 1791, 107, 108.

[18] P. Kandler, Fasti istriani che abbracciano anche Trieste, L'Istria V, Trieste 1850, No 1, стр. 7.

[19] Истиот, Annali del Litorale con indicazioni di avvenimenti che giovino alla storia di questa provincia, Indicazioni per priconoscere de cose storiche del Litorale, Trieste 1885, 11.

[20] L'Istria VI, No 22, 94, 95.

[21] C. de Franceschi, L.' Istrta ,Parenzo 1879, 13.

[22] C. Gregorutii, L'antico Timavo e le vie Geminia e Postumia Archeografo Triestino NS XVI, Trieste 1890, 384, 385.

[23] G. Kobler, Memorie per la storia della liburnica città di Fiume, Fiume 1896, 229.

[24] Fr. Kos, o. c. I, 67, бел. 4, 68, бел. 3.

B. Benussi во 1903 г. дава објаснение дека Nanos се викал и Monte Re, бидејќи по традицијата која е пренесена од Павле Ѓакон, Албоин (568) оттаму ја гледал Италија.[25] A. Tamaro, иако изнесува дека според традицијата кралот Албоин се искачил на ридот Monte Re или Nanos, сепак изнесува и една друга верзија каде би било местото и положбата на овој рид, па природно и мислењето на Kobler,[26] додека Benussi и во 1924 г. го повторува ставот од 1903 г., дека ридот Monte Re е Nanos.[27]

Lj. Hauptmann донесува дека Mons Regis т.е. Кралевски рид е на Бирнбауската височина и дека тој се протега преку Подкрај. Во врска со тоа, тој го побива мислењето на Wanka, кој го следи Rodlow (Der Verkehr über den Pass von Pontebba — Pontafel und den Predil, Prager Studien aus dem Gebiete der Geshichtswissenschaft 3,17 н. 1), повикувајќи се притоа на Schmidt (Gesch. d. dtsch Sb. I, 454) дека тоа е с. Michele.[28] M. Kos во 1933 г. наведува дека Лангобардите се движеле по старата римска патека од Птуј—Цеље—Љубљана кон Аквилеј и дека уште и денес некој рид на патот Логатец—Випава се вика Кралевски рид, кој по својата положба би одговарал на Кралевскиот рид од Павле Гакон. Но сепак со сигурност не може ништо да се тврди така што Албоиновиот упад во Италија треба да се бара во Випавската долина.[29]

Во врска со тоа интересно е мислењето на J. Mal. Имено тој го идентификува прво „Mons regis“, кого го спомнува Павле Ѓакон и од кого Албоин ја гледал Италија, со ридот „Monte Maggiore“ кој лежи западно од Опатија, одкаде што се гледа сета Истра и венецијанскиот крај. Затоа тој го побива мислењето на Hauptmann (имено, тие беа постојани ривали на научното поле: С. А.) дека Лангобардите поминале преку старокрањското подрачје во Италија и му докажува како погрешно го убицирал на специјалкартата како „Krališki vrh“, а заправо тоа е „Streliški vrh“. Затоа смета Mal дека Лангобардите преминале во Италија преку Либурнија и низ Истра, на чија што граница се наоѓа „Monte Maggiore Regis“, а кое име Monte del Re одтаму и го има.[30]

B. Grafenauer во 1952 г. раскажува дека Лангобардите од околината на Блатното езеро, кое било нивен центар, заминале во Италија по стариот римски пат Петовио—Целеиа—Емона—Хрушица. Натаму цитирајќи за тоа извесна литература (а и себе си и Mal) смета дека местото каде што Лангобардите стапиле на тлото на Италија ја исклучува можноста дека тие се служеле со античкиот пат кој

---

[25] B. Benussi, Manuale di geografia, storia e statistica della regione Giulia (Litorale), Parenzom 1903, 14.

[26] A. Tamaro, La Venetie Julienne et la Dalmatie I, Roma 1918, 123.

[27] B. Benussi, L'Istria nei suoi due milenni di storia, Trieste 1924, 85.

[28] L. Hauptmann, Krain, Erläuterungen zum historischen Atlas der österrechischen Alpenländer I/4, Wien 1929, 340.

[29] M. Kos, Zgodovina Slovencev od naseltive do reformacije, Ljubljana 1933, 26. 27.

[30] J. Mal, Probleme aus der Frühgeschichte der Slowenen, Ljubljana 1939, 12, 13.

водел преку северна Истра од Трсат до Трст.[31] Но веќе во 1954 г. сосема накратко вели дека Лангобардите по горе наведениот римски пат од Птуј заминале за Италија,[32] додека во 1955 г. M. Kos сега пишува дека патот на Лангобардите од Панонија во Италија ги водел преку словенечката земја. Главен премин и приод ним им давал стариот римски пат Poetovio (Птуј) — Celeia (Цеље) — Eomna (Љубљана) — Aquileia. Потоа тој го изнесува доаѓањето на Лангобардите на границите на Италија, цитирајќи го од збор до збор Павле Ѓакон. Така тој вели дека описот на овој писател, во врска со навлегувањето на Лангобардите во Италија, се однесува на оние делови од земјата која набргу потоа станала словенечка. Додека, преминот преку планината, од која лангобардскиот крал ја видел Италија, треба да се бара во ридовите и шумите, кои ја делат Горна Посавина од Випавската долина, каде што може да се бара Ѓакановиот широко отворен и целосно рамен пристап во Италија.[33] Во врска со сите овие мислења кои што се изнесени овде, а по однос на движењето на Лангобардите од Панонија во Италија, преку краеви кои одделни автори сами по своето мислење и уверување ги избрале, ние ни денес не можеме ништо поконкретно да кажеме.

Секако едно е сигурно, Лангобардите на својот пат кон Италија морале да минат и преку еден дел на Истра, а од која гора или рид возбудениот крал Албоин го гледал делот на Италија, тоа останува и денес нерешена топономастичка загатка. Дури, по наше мислење, убикацијата на овој кралевски рид му била непозната и на самиот Павле Ѓакон, кој нам сигурно нешто повеќе би ни кажал за тоа место доколку знаел. Од сето ова факт е, дека ова е првиот контакт на Лангобардите со Истра, која поради нивната определена и крајна цел, тогаш не почуствувала речиси никакви последици.

## 2.

Уште едно прашање е неразјаснето: кога Лангобардите дошле во Италија, т.е. каде тие минувале низ Истра?

Според Павле Ѓакон ние знаеме дека Албоин со Лангобардите тргнал од Панонија за Италија на 2 IV 568 год., а според „Origo gentis Langobardorum", извор од 0.670 година, со кој се служел и самиот Павле Ѓакон, Лангобардите почнале да ја пљачкаат Италија 569 и 570 год. (индикација 3) и дека, Албоин станал господар на оваа иста земја.[34]

Во врска со тоа само да ги спомнеме Bethmann и Holder-Egger кои пишуваат дека во месецот мај 569 година Албоин дошол во Ита-

---

[31] B. Grafenauer, Ustoličavanje koroških vojvod in država karantanskih Slovencev, Slovenska akademija znanosti in umetnosti. Ljubljana 1952, 426.

[32] B. Grafenauer, Zgodovina slovenskega naroda I, Ljubljana 1954, 111.

[33] M. Kos, Zgodovina Slovencev od naselitve do petnajstega stoletja, Ljubljana 1955, 27.

[34] Fr. Kos, o. c. I, 68, 67, LXXVI, 67.

лија,[35] а R. Cessi вели дека Лангобардите заминале во таа земја 567 или 568 година,[36] што укажува дека не можеме ни овде поточно да го определиме датумот на влегувањето на Лангобардите во Италија, т.е., кога всушност тие минале низ еден и денес нам сосем непознат поголем или помал предел на Истра. Секако можеме да заклучиме дека тоа било некаде во II половина на 568 година, врз основа на тоа, што тие на својот пат немале никакви пречки при нивното незапирливо навлегување кон определената цел. Имено, нам индиректно тоа ни го потврдува и самиот Павле Ѓакон, кога во своето дело вели, дека Албоин влегол во покраината Венеција без какви и да е пречки,[37] а Agnell (IX в.) дури вели дека Венеција била заземена од страна на Лангобардите 568 г. без било каква војна.[38] Кога Лангобардите ги минале границите на Италија, тие прво влегле во Венеција, а во Чедад Албоин го поставил својот внук Gisulf[39] за фурлански војвода. Значајно е дека Лангобардите, што впрочем се гледа и од Павле Ѓакон, при своите пљачкашки освојувања на Италија не ги зазеле нејзините приморски градови.[40] Тоа нам ни служи како доказ дека Лангобардите во својот налет на Италија не можеле да го разрушат Трст, кој исто така бил приморски град, иако тоа некои странски и домашни историчари го тврдат. Така I. della Croce смета дека Лангобардите го уривале Трст.[41] Kandler пишува дека тие 568 г. го срушиле овој град и влегле во Горна Истра, а преплашените жители избегале на истарските и венецијанските острови, додека во 1855 г. само донесува дека Лангобардите го срушиле Трст 568 год. додавајќи при тоа дека според Scussi тоа исто го сторил и Totila 547 год.[43] B. Schiavuzzi Албоиновото влегување го преместува дури во 588 год., и при тоа вели дека Лангобардите силно нападнале на Трст и Аквилеј, така што Истраните на север се повлекле кон брегот, каде што се надевале на заштита од византиската морнарица.[44] B. Benussi врз основа на венецијанската хроника од XI в. и Дандоло изнесува дека Трст од Лангобардите бил опљачкан и делумно порушен, така што Византинците со својата морнарица него многу лесно можеле да го вратат и да ги обноват неговите тврдини, во кои се вратиле и првите жители.[45] A. Tamaro го цитира за тоа и Croce, и се согласува дека Трст бил порушен,[46] додека во посмртно отпечатената историја на Трст од Kandler стои дека Лангобардите

---

[35] L. Bethmann-O. Holder-Egger, Langobardische Regesten, Neues Archiv III, Hannover 1878, 229.

[36] R. Cessi, Venezia ducale I, Venezia 1940, 41.

[37] Fr. Kos. o. c. I, 69.

[38] Agnelli Liber pontificalis ecclesiae Ravennatis, RIS f. 200, f. II, p. III. Bologna 1924, 227

[39] Fr. Kos, o. c. I, 69. 70.

[40] Види за тоа : G. Vettach, Paolo Diacono, studi, AT HS XXII/2 Trieste 1898—1899, 31

[41] I. della Croce, o.c., 528, 529.

[42] P. Kandler, Dei popoli che abitarono l'Istria, L'Istria VI (Trieste 1855), No 19, 83

[43] P. Kandler, Annali del Litorale. . ., 11.

[44] B. Schiavuzzi, Cenni storici sull'etnografia dell' Istria, Atti e memorie della Società istriana di archeologia e storia patria XVII, Parenzo 1901, 304.

[45]. B. Benussi, Nel medio evo, Parenzo 1897, —810.

[46] A. Tamaro, o.c. I, 123, 124.

го срушиле овој град во 568 год., од кого останале само ѕидините.[47] B. Benussi пишува во 1924 год., дека сиот овој Крас бил опљачкан од страна на Лангобардите, а Трст бил заземен и срушен,[48] додека D. Gruber раскажува дека за време на тоа лангобардско насилно влегување сосема бил разрушен Аквилеј, при што настрадала и Истра. Така градот Трст бил опљачкан и речиси разрушен. Но кога Лангобардите се одалечиле од него, на византиската морнарица и пошло од рака повторно да загосподари со него и истиот да го обнови, неговите жители коишто избегале, повторно се вратиле во градот.[49] B. Grafenauer дури пишува без какви и да е докази дека Лангобардите по своето доаѓање во Италија попат го срушиле и Трст, кого Византинците го имале во свои раце и во 571 год. повторно го обновиле.[50] Но ние не можеме повеќе да им веруваме на венецијанските хроники од XI в. отколку на Павле Ѓакон. Имено тие за овие настани индиректно зборуваат,[51] а секако не на ваквите снаодливи мислења на одделни овде спомнати писатели.

Во врска со тоа отпаѓа наводот на Дандоло кој единствен донесува како Истраните бегајќи пред навалата на варварите на копарскиот остров основале град Јустинополис[52] во чест на византискиот цар. Имено овој настан некои поранешни и понови писатели го доведуваат во врска со пробивот на Лангобардите и го ставаат во времето на царувањето на Јустин II (565—578).

Но знаеме дека Дандоло раскажува оти ова се случило во времето на аквилејскиот патријарх Стјепан, кој е избран за таа чест 521 год., и ако тогаш „Ystrorum gens“[53] бил засолнет на „in Caprariam insulam“,[54] на когошто според наше мислење физички толкав број на луѓе сепак не можел да биде засолнет. Наспроти тоа сметаме дека е потребно овде да предупредиме на неколкуте примери, што зборуваат одделни писатели за тоа преселување.

Познатиот венецијански хроничар Marin Sanudo во својот „Itinerario“ од 1483 год., само вели дека овој град го подигнал на островот „Capraria“, наречен и „Pullaria“, Јустин синот на царот Јустинијан,[55] додека P. Coppo (p. 1469-у. 1555 или 1556) во својата отпечатена работа „Del sito de Listria“ Venezia 1540) изнесува дека „audistria“, која што го добила своето старо име од Грците, во времето на царот Јустин се викала „Јустинополи“,[56] Kandler наведува дека мнозина жители од страв пред Лангобардите (568) се засолниле во

---

[47] P. Kandler, Le istorie di Trieste I, AT NS VIII, Trieste 1919, 89.

[48] B. Benussi, L' Istria nei suoi due milenni di storia, 85.

[49] D. Gruber, Povijest Istre, Zagreb 1924, 11.

[50] B. Grafenauer, Zgodovina slovenskega naroda, I, 113, 120. Во Енциклопедија на Југославија (5, Загреб 1962, 470) истиот пак пишува дека Лангобардите „во тек на селидбата во Италија . . .привремено ја зазеле Истра со Трст, кој меѓутоа најдоцана од 572 пак е под византинска власт“.

[51] Fr. Kos, o.c. I, 74.

[52] A. Dandulli o.c., RIS f. 313, 65.

[53] U Fr. Kosa (o.c. I, 75) според Муратори: Istriorum gens.

[54] A. Danduli o.c. 65.

[55] Itinerario di Marin Sanudo dell'anno 1483, L'Istria IV, No 66—67, str. 261.

[56] A. Degrassi, mi Pietro Coppo e delle sue opere, AT (III) ĐS XI, Trieste 1924, 381.

Копар и дека тој град го добил името по царот Јустин II Јустинополис.[57] Ch. Diehl исто така нафрлува дека овој град е основан за времето на Јустин I и го става во времето на Јустин II, повикувајќи се при тоа на некој натпис од Трст, кој е датиран во 571 г.[58] Schiavuzzi пишува дека бегалците го изградиле Копар и можеби Нови град и дека таму се собрале и бегалците од Аквилеја и од копнена Венеција, откако избегале пред Лангобардите. Понатаму тој фантазира како Копар, Изола и Пиран биле закрепнети и кон имињата на романските и византиските фамилии им се придружиле и оние, исто така од Романо — венецијанските бегалци.[59] Benussi во 1924 г. пишува дека мнозина жители на Трст и од околината, избегале пред Лангобардите на соседниот остров Capris и дека таму новоосованиот град се викал во чест на Јустин: Јустинополис.[60] D. Gruber изнесува како од внатрешноста на Истра жителите бегале кон морето, каде што можеле многу полесно да се спасат од наездата на Лангобардите. При тоа еден негов дел се засолнил на островот Capriria и таму останал и по заминувањето на Лангобардите. Со тоа и настанал градот, кој во чест на тогашниот цар Јустин II бил наречен Јустинов град (Јустинополис, инаку по името на островот се викал Capris, хрв. Copar, ит. Capodistria = глава(та) (на) Италија"). Едно е веројатно, дека Gruber оди толку далеку, дека со лангобардските пробиви бил разрушен и градот Емонија („Colonia Hemoniesium") на устието на Мирна. И дека неговите растерани жители на посигурно и можеби поздраво место во околината соградиле друг град, кого што (со оглед на поранешиот) го викале Neapolis (лат. Civitas nova, денес Новиград, ит. Cittanova).[61] A. Dabinović дури знае дека тврдината Јустинополис во Истра, подоцна Копар (Capodistria) била подигната 571 год. и истата „успешно давала отпор за цело време се до Карло Велики на сите напади на Лангобардите и на Аварите".[62] B. Grafenauer наведува дека на западниот брег биле сочувани некои римски места за време на пробивот на Лангобардите, а другите дека во тоа време настанале како Копар и дека нив ги подигнале жителите од „ozmlja", кои во втората половина и во почетокот на VII в. беа освоени од алпските Словени и Хрвати.[63] И на крајот N. Klaić потпирајќи се на трудот од G. Vergottin (Lineamenti storici delle costituzione politica dell 'Istra durante il medio evo Roma, 1924), го датира доаѓањето на Лангобардите во Италија во 568 год., и додава дека по таа згода „тие го рушат Трст, а неговите жители бегаат на соседниот остров и го оснивааат градот Копар".[64] Бидејќи за основа-

---

[57] P. Kandler, Fasti istriani. . . . , L'Istria V, Ho 1, стр. 7 и Isti, Annali. . . . 11.

[58] Ch. miehl, Etudes sur l'administration byzantine dans l'exarchat de Ravenna (568—751). Paris 1888, 46, 47.

[59] B. Schiavuzzi, o.c., Atti. . . XVII, 304.

[60] B. Benussi, L'Istria nei suoi due milenni. . . . , 85.

[61] Д. Gruber, o.c., 11.

[62] A Dabinović, Hrvatska državna i pravna povijest, Zagreb 1940 ,51.

[63] B. Grafenauer, Zgodovina. . . I, 82.

[64] N. Klaić. Povijest Hrvata u ranom srednjem vijeku. Zagreb 1971, 100. Фердо Гестрин за тој постанок пак ништо не пишува туку само наведува дека е за Копар првото историско

њето на овој град е единствен — и тоа не современ ами многу подоцнежен извор Дандоло, на кого е тешко и во тој поглед да му се верува, можеме да го заклучиме следново:

1. Во исправите од II половина на VI в. а и подоцна би морале да го сретнеме името за тој град Јустинополис, но не го наоѓаме, го наоѓаме секогаш Capritana.[65]

2. Дандало вели дека тоа е „Caprariam*, а тоа е можеби „Caorle", каде што навистина некои Истрани се иселиле.

3. Дандаловиот податок дека тоа се случило за време на Јустин I (518—527) исто така во целост ова негово тврдење го побива, бидејќи во тоа време Источните Готи се господари на Италија и Истра.

4. Според тоа воопшто не и одговара на вистината дека во тоа време тој остров го добил тоа име, со кого многу подоцна се гордее.

5. Исто така тоа не станало ни за времето на Јустин II, бидејќи нам ниеден современ и подоцнежен извор за тоа ништо поодредено не ни велат.

6. Навистина имаме еден податок од „Chronicon Venetum vulgo Altinate (од X или XI в.) за градешкиот патријарх Агатон дека тој „nacione Continopolis — (Justinopolis: F. Kos, o. c. I, 230, bel. 1) caput Ystrie",[66] додека Дандоло за истиот вели дека е „in Justinopoli civitate Istriae natus",[67] а тоа се однесува на многу подоцнежното име на овој град, а не на VI век.

7. Во врска со сите овие мислења на разните писатели остануваат само комбинациите, кои се без реална изворна и документарна основа, ами се базираат на извесната традиција за постанокот на овој град.

## 3.

Кога на лангобардскиот престол дошол Аутариј (584—590),[68] тој ја пратил, како што пишува Павле Архиѓакон, својата војска

---

име му е константирано како „Кози остров" кој се јавува во разни варијанти (Insula Caprea, Capraria insula, Capra, Capris, Civitas Capresana и слични.). Самиот град подоцна се викал Јустинополис (во службените латински извори од средниот век) и Caput Histriae (особено по доаѓањето под власт на Венеција,) додека од Caput Histriae настанало италијанското име за Koper-Capodistria (Enciklopedija Jugoslavije, 5, 307).

65 Fr. Kos, o.c. I, 165, 167, 168—599. г.

66 Fr. Kos, o.c. I LXX, 230.

67 A. Danduli o.c., RIS f. 315, 100.

68 Hartmann пишува дека хронологијата на лангобардските кралеви не може со сигурност да се определи и дека единствен сигурен показател е дека Вацхо владеел уште 538/9 г. (M. L. Hartmann, Geschichte Italiens im Mittelalter II/1, Gotha 1900, 30), Bethmann-Holder-Egger велат дека Аутариј бил избран за крал во февруар-март (?) 584 г., и дека, цитирајќи го за тоа Павле Ѓакон, умрел на 5. IX. 590 г. Покрај тоа овие писатели земаат и еден податок од регистерот на папата Гргур I, каде што е цитиран датумот: 26. III 590 (L. Bethmann-Holder-Ergger, o.c. Neues Archiv III, 231). Италијанската енциклопедија го става Аутариевото владеење во 584—589 (Enciklopedia Italiana V, Roma 1930, 538).

под водство на тридентскиот војвода Евин[69] во Истра, каде што Лангобардите пљачкаа и пустошеа. По тоа Евин склучил мир на една година (со Византинците: С. А.) и на својот крал му донел голема сума од пари.[70] Овој настан опишан вака според Ѓакон, малку поинаку го прераскажал и Romuald,[71] а него на свој начин го донесува и Болоњската хроника, која ги опфаќа настаните до XVI век, ставајќи го при тоа ова пљачкосување по Истра дури во 659 год.,[72] што е сосема исклучено и неточно. Нас нè интересира како го прераскажуваат подоцнежните писатели и историчари овој воен лангобардски поход на Истра и кога тој бил. Така, Sigonio пишува помеѓу другото и „. . . ad Istros Evinus Tridentinorum Dux cum firmo militum robore missus, ipse bellum Camacinatibus intulit . . .“.[73] Lucius наведува дека не се знае кога Лангобардите ја освоиле Истра, бидејќи никој не пишува (nemo referat) ами само Павле Ѓакон вели (т. 3., о.с,. 28) дека таа била во 587 год. (С. А.) опљачкана. За потврда на тоа тој го цитира од Ѓакона оној изворен податок којшто се однесува на Евина и на неговиот воен поход.[74] J. L. Schönleben исто така овој воен поход го датира во 587 год.[75], а G. Batt Francol во својата книга „Istria riconosciuta“, која ја завршил на 31. V 1689 год.[76], го става придружништвото на Евина во Истра исто така во таа година. I. dela Croce го цитира Sigonio (De Regno Ital. lib. ann. 587), како Аутариј го испратил Евина во Истра и бидејќи тој дошол блиску до Трст и го поминал, нему од страв Истраните му дале големо количество на пари за да не ги мачи. Воедно донесува дека овој настан го датира Sigonio во 587 год., Palladio (Hist. del Friuli) во 588 год)., а Schönleben го става во 590 год.[77], што не е точно J. F. B. M. Rubeis овој

---

[69] Evin се прославил веќе пред тоа во одбраната на Тридент од Франките, кој бил оженет со ќерката на баварскиот „крал“ (baioariorum regis) Garibalda (G. Vettach, o.c., AT NS XXII/2,43).

[70] „. . . Hac tempesta te rex Authari ad Histriam exercitum misit; cui exercitui Euin dux Tridentinus praefuit. Qui post praedas et incendia, facta pacem in annum, unum magnam pecuniam, regi detulerunt. . .“ (Pauli diaconi Historia Langobardorum, G. Waitz, Monumenta Germaniae Historica, Scriptores rerum Langobardicarum, Hannover 1878, 107 и Fr. Kos, o.c. I, 119). Во најновото издание на ова дело стои вака“ . . .Hac tempestate rex authari ad histriam exercitum misit. cui exercitu euin dux tridentinus prefuit. Qui post predas et incendia facta pacem in annum unum magnam penuriam (sic! C.A.) regi detullerunt. . .“ (G. Vettach, o.c. AT NS XXII/2,52). Како што се гледа овие две изданија се разликуваат единствено во изразот „penuriam“, заправо треба: „pecuniam“, XX „exercitui“ (exercitu),, „praedas“ (predas) и „detulerunt“ (detullerunt).

[71] „. . .Hac tempestate Autharis Langobardorum rex exercitum ad Istriam misit, qui post predas et incendia facta pace uim magnam pecunie regi Autari detulerunt.. “(Romualdi Salernitani Chronicou, RIS f. 116, 121, 122). Значи не го спомнува Евина!

[72] „659 (sic! S.A.). Authari re di Langobardi mandoe el suo exercito in Ystria. El quale exerctto, doppo molte rubarte e destrucione de citade, fece pace con quilli di Istria; possa el dito exercito re tornoe in Ytalia al suo reo con grandissima preda. . .“ (Corpus Chroni corum Bononiensium-Cronaca B, RIS f. 65. t. XVIII, p. r, Città di Castello 1908, 346).

[73] G. Negri, o.c., Atti. . . III, 160; C. Sigonius, Historiarum de regno Italiae libri quindecim, Venetiis 1574, 21.

[74] J. Lucius, De Regno Dalmatiae et Croatiae libri sex, Francofurti 1666, 78.

[75] J. L. Schönleben, o.c., 78.

[76] G. Batt. Francol, L’Istria rtconosciuta, Trieste 1888, 193.

[77] I. della Croce. o.c., 542.

поход пак го датира во 587 г.,[78] а така и Linhart.[79] P. Kandler го става во 588.,[80] додека во своите „Annali“[81] раскажува дека Аутариј го приграбил господството над целата покраина, која што Римјаните ја викале Венеција и Истра, против Истра повел воен поход, кој го водел тридентскиот војвода Евин. Исплашените Истрани побарале мир од една година, дале големо количество на пари и Евин се повлекол назад. Во својата историја на Трст прикажува како тридентскиот војвода „Elvino“ го презел воениот поход во 588 год. по заповед од кралот Аутариј но нему на Тимава му дошле во пресрет Истраните со богати дарби и го замолиле за мир од една година, што и го добиле.[82] Во 588 год. го ставаат овој напад: Manzano,[83] Luciani[84] и Schiavuzzi.[85] Bethmann — Holder — Egger пишуваат дека Лангобардите во септември 587 год. војувале против Роман,[86] S. Dellagiacom го става овој поход во 587 или 588 год.,[87] а S. Rutar во 590 год.[88] Don Ant. Marsich пишува дека во 588 год. Истраните барале мир на една година и дале голема сума на пари.[89] C. de Franceschi вели дека Аутариј од омраза кон царот Mauricij, кој ги подбоцнуваше Франките против Лангобардите, во 588 год. го пратил Евина со војската во Истра. Според Павле Ѓакон Евин ја опљачкал и запалил Истра и после тоа склопил мир со равенскиот егзарх Смарагд на една година. **Потоа тој се вратил во Ломбардија носејќи му на кралот многу пари, а тоа е сигурен знак дека Истра во тоа време била во добра состојба (Paul. Diac. L. III, 2, Cap. XXVII),[90] а што и** пак според текстот на Павле Ѓакон, кој се однесува на овој настан, не е сосема точно кажано. Ch. Diehl просто го става овој напад во 587 год[91] A. Tamaro, цитирајќи го Павле Ѓакон, спомнатиот Евинов поход го става во 590 год. и вели дека по случувањето на мирот помеѓу Лангобардите и Византија оваа земја повторно била ослободена од германскиот јарем. Но веднаш потоа пишува дека Истра паднала во рацете на Лангобардите 590—591 год.[92] D. Gruber раскажува како Аутариј, лангобардскиот крал, сакал да ги искористи внатрешните немири (т.е. бидејќи Смарагд, равенскиот егзарх, ги повел Север и уште некои истарски бискупи во Равена), за да ја зграп-

[78] J. F. B. M. Rubeis, Monumenta ecclesiae Aquile jensis, Argentinae 1740, 223.
[79] A. Linhart, o.c. II, 116.
[80] P. Kandler, Codex diplomaticus istrianus (CDI) I.
[81] P. Kandler, Annali. . . . 12—588.
[82] Istiot, Le istorie di Trieste I. AT NS (III) VIII, 89.
[83] F. di Manzano, Annali del Friuli I, Udine 1858, 118.
[84] T. Luciani, Albona, Venezia 1879, 13.
[85] B. Schiavuzzi, La malaria in Istria, Atti. . . V, Parenzo 1889, 382.
[86] L. Bethmann—O. Holder—Egger, o.c., NA III, 231.
[87] S. Dellagiacoma, Fortunato di Trieste, Patriarca di Orado (803—825), AT NS III, Trieste 1872—1875, 359.
[88] S. Rutar, Kakšno važnost imajo Pavla Dijakona knjige „De gestis Langobardorum“ za starejšo zgodovino Slovencev?, Letopis Matice Slovenske za leto 1885, Ljubljana 1885, 304.
[89] D. A. M., Centenari Istriani, tratti dalla mia raccolta“ Annali Istriani“, La Provincia, Capodistria 1888, a. XXII, No 12.
[90] C. de Franceschi, L'istria, 74.
[91] Ch. Diehl, o.c., 46.
[92] A. Tamaro, o.c., I, 124, 125,

чи Истра. За таа цел тој ја пратил (588 г.) на Истра сета своја војска под заповедништво на „Ervin“ (sic! С. А.) војводата од Тарент. Но тој само Истра ја опљачкал и запалил, но не можел и да ја освои.[93] Едно е сигурно — од сето ова врз основа на изворите — дека во овој пљачкашки поход на Истра[94] од страна на Лангобардите,[95] под водството на Евин учествувале и војводите од соседните градови и покраини, како што тоа го правеле по Италија и по смртта на кралот Клеф па се до доаѓањето на Аутариј[96] на престолот. Самиот овој Евинов воен поход на Истра можел да се случи, како тоа е ставено во хрониката на Иван Ѓакон (кој го зел тој пасус од Павле Ѓакон) на маргината 589 год.,[97] навистина во таа година. Со тоа би се појаснил оној неопределен Павлов временски израз „Нас tempestate“[98] во врска со Евиновата експедиција.

Сега се поставува, за оваа лангобардска инвазија на Истра под водството на Евин, и прашањето: дали во неа учествувал или бил со неа поврзан анонимниот чедадски војвода и дали би можел да биде тоа Grasulf или син му Gisulf или не?

Секако едно е јасно: равенскиот егзарх Roman[99] се кренал против лангобардските освојувања во Северна Италија, каде што повел војна на некои тамошни војводи, кои дури ја признале и византиската власт. Но кога се вратил од овој успешен поход во Равена, одлучил да тргне во покраината Истра против византискиот непријател, лангобардскиот војвода Gisulf.[100] Кога стасал егзархот во Истра, нему во пресрет му дошол Грасулфовиот син Gisulf,[101] кој

---

[93] D. Gruber, o.c., 12.

[94] Cessi дури знае дека по една година на бескорисно пљачкосување и на страшен грабеж, лангобардските чети се повлекле од Истра (R. Cessi, o.c. I, 64)

[95] B. Grafenauer (Zgodovina... I, 120) пишува дека Лангобардите уште о. 587 и 585 или 590 г. ја напаѓале византиска Истра, не наведувајќи извор за тоа.

[96] G. Vettach, o.c., AT NS XXII/2, 35 i Fr. Kos, o.c. I, 84.

[97] G. Monticolo, Cronache Veneziane antichissime I, Roma 1890, 72.

[98] G. Vettach, o.c., 52.

[99] Od 589. do 596. g. (M . L. Hartmann, o.c. II/1, 10).

[100] Diehl го наречува Grasulf фурлански војвода и тој настан го става во 588 год. (Ch. Dienl, o.c., 47), а Negri во 590 г. и вели дека тогаш Grasulf како фурлански војвода ја освоил Истра (G. Negri, o.c., ATTI ... III, 161. Kandler овој ист Grasulf исто така го става во 590 г. и тоа како син на оној Grasulf од 568 г. (P. Kandler, Annali... 138). Хартман вели дека Grasulf бил во преговори со византискиот цар и со франачкиот крал, но, како се чини, навреме од овој сојуз на непријаелите на лангобардската држава отстапил и се приклучил кон кралот Аутариј. Наедно заклучува дека Grasulf сигурно е син на првиот фурлански војвода (M. G. Hartmann, o.c. II/1, 72, 83).

[101] Negri наведува дека по освојувањето на Истра според Грасулф неговиот син Гисулф ја бранел оваа земја и дека преку победничкиот егзарх Роман тој се ставил под власта на Светото римско царство (G. Negri, oc. Atti... III, 161) Diehl вели дека во Истра војводата Гисулф преминал со целата своја војска под власт на царот Маурикиј и дека за својата верност го добил византиското достоинство. (Ch. Diehl, o.c. 213). Хартман додава дека Гисулф II, кој го пратил својот татко Грасулф во Фурланија, побрзал во пресрет на егзархот, кој влегол во Истра и му се подчинил со сите фурлански великодостојници и сета војска. Понатаму наведува дека издајата на Гисулф се открива во писмата на Гогос до Грасулф и на Роман до Хилдеберт (M. Hartmann, o.c. II/1, 72, 73, 83).

сакал да се покаже дека е по благороден од својот татко, така што со сите свои првенци и сета своја војска се ставил под византиска власт.

Од овој податок, кој се наоѓа во писмото на егзархот Roman упатено до франачкиот крал Hildebert II[102] јасно е дека Истра[103] била, барем во еден голем дел, потпадната на некое време под власта на лангобардскиот крал и дека поради неслогата на одделните војводи, равенскиот егзарх успеал делумно да ја врати назад. При тоа царската власт ја признал дури и така истакнатиот војвода Gisulf, веројатно чедадски или фурлански војвода, директен сосед на Истра, додека не знаеме што се случило тогаш со Грасулф и во каков однос тој заедно со својот син стоел кон војводата Евин, кој само ја пљачкал Истра, но во неа не останал како што тоа го сториле

---

102 „(Smaragdus aut Romanus) Domino Excellentissimv atque praecellentissimo Childebertus regis Francorum Romanus... Quos posteaquam in servitio sanctae reipublicae suscepimus, filios eorum in obsedato accipienes Ravenna remeantes in Historia provincia contra hostem Gtasoulfi deliberavimus ambulare. Quam povinciam venientes, Gisoulfus, vir magnificus, filius Grasoulfi, in iuvennale aetate meliorem se patri cupiens demonstrare, occurit nobis, au cum omni devotione sanctae reipublicae se cum suis prioribus et integro suo exercitu, sicut fuit, subderet... (Epistolae Merovingici et Karolini aevi I, MGH. Epistolae III, Berolini 1892, 147). E. Dümmler кој го издал ова писмо, пишува дека тоа е датирано 585 или 590 год., т.е. дека е напишано 585 год. со ништо не може да се потврди (Види Neues Archiv XIII, 747). Ако пак тоа „Romanus“ значи егзарх, кој Смарагд го наследил 589 или 590., тогаш тоа писмо е составено 590. Наедно Dümmler ги цитира и дотогашните изданија на ова исто писмо (Epistolae Merovingici..., MGH, Epistolae, III, 147). Но уште Dümmler, Migne публикувајќи ги делата на Григур Турски го печател во така наречените „Appendix et opera sancti Gregorii Turonensis, complectens antiqua monumenta quae ab eo laudantur, aut ejus opera illustrant” (J. P. Migne, Patrologia latina 71, Parisiis 1879, 1771, 1772). Извадок од ова писмо дале G. Negri (o.c., Atti ..., III (1887), 161), Fr. Kos Gradivo... I, 120), а потоа и Бенуси според Негри. Покрај тоа Бенуси навел дека ваква интерполација од Григур Турски (изд. Th. Ruinart, Paris 1699, anm. 5) која ја донел Negri Atti.., III, 161) и по него Troya, не можел да ја најде во поранешните изданија на делата наГргур Турски. Имено тој внимателно ги истражувал Gregorii Turonnesis oper, ed. W. Arndt et Krusch, Hanover 1884 (Scriptores perum Merovingicarum), но не го нашол пасусот кој го донесуваат Negri и Troya. Затоа претполага дека е тоа вметнато место преземено од постарите издания, кој бил отфрлен од многу подоцнежните и подобрите изданија. Натаму вели дека ниту Павле Ѓакон ниту Дандоло како ни другите современи извори не го спомнуваат сличниот настан во Истра во овој временски период. Затоа заклучува Benussi дека може да се претпостави дека и Bouquet, Negri, Troya како и другите оваа вест ја зеле од Appendire на делата на Гргур Турски, издадени од Руинарт во Парис 1699. Benussi, Nel medio evo, 14, 15). Меѓутоа од сево ова јасно е дека Benussi не го познавал ова писмо, кое го отпечатиле Migne и Dümmler, бидејќи тоа не го цитира.

103 Врз основа на податокот за Грасулф од Bouquet (IV, 88) во врска со писмото на папата Гргур (Ep. IX, 93) и анонимот равенски (IV, 29, str. 297) Diehl заклучува дека пред 590 била направена реорганизација на италијанскиот полуостров и дека Истра сега сочинувал и имала војна управа сосема различита од онаа во Венеција. Така од крајот на VI век постоела воено управна единица Истра во рамките на византиската покраина Италија. (Ch. Dienl, o.c. 19, 31, 39).

104 Тешко е да се определи дали тоа се случило 589 или 590 год. Така Fr. Kos пишува дека тоа се случило 585 или 590 год. (Fr. Kos, o.c. I, 119), додека G. Negri (o.c., Atti... III, 161) и S. Dellagiacoma (o.c., AT NS III, 359) го ставаат во 590 година.

овие двајца: таткото и синот. Наспроти својот успех,[104] по сè изгледа равенскиот егзарх и натаму се чувствувал загрозен од Лангобардите, кога по покорувањето на Gisulf му пишал на Хилдеберт молејќи го за помош против нив.[105] Но тоа му било од слаба полза, бидејќи Лангобардите не само што го загрозиле управниот центар на неговата егзархија туку и Франките, кои му дошле на помош, ги победиле.[106]

## 4.

Некако околу 591 год.[107] пишува византискиот цар Маурукиј на папата Гргур I. Во тоа писмо царот изнесува како нему бискупите од истарските провинции му упатиле молба преку некои клерици жалејќи се на сегашниот тежок јарем под Лангобардите и сеќавајќи се на одамнешните времиња, кога живееле мирно под Византија, и како тие изразиле желба повторно да се вратат под таа власт. Во врска со тоа Маурикиј го предупредува папата да се остават на мир бискупите во Италија, а особено Аквилејската црква, додека не се променат состојбите и останатите бискупи од Истра и Венеција и не се вратат во поранешната состојба.[108]

Во ова исто писмо папата знае за „Episcopi Istriorum" и за „episcopi Istriae seu Venetiarum".[109] Кога пак Гргур I пишува за жителите на „Capreae insulae Histriae Provinciae" (мај 599 год.)[110] тука се зборува за жителите од островот Caorla во тогашната приморска Венеција, што секако е потврда дека приморска Истра и Венеција биле едно тело, т.е. Истра. Се ова укажува дека тогаш постоеле две Истри. Едната ја опфаќала веќе спомнатата Венеција и Recia secunda,[111] а втората денешната западна Истра или цела Истра, чии што бискупи исто така силно му се спротивставувале на папата Гргур I. Наспроти овие изворни податоци сепак не може сосема точно да се заклучи колкав дел од Истра им припаѓал на Лангобардите а колкав на Византија. Со други зборови таа тогаш во целост била под власта на Цариград, како што тоа јасно се гледа од писмото на Маурикиј упатено до Гргур I. Со таа византиска Истра управувал како magister militum Gulfar кој можеби е од германско потекло. Тој бил од (голема) полза на Гргур I при отстранувањето на црковниот

---

[105] Epistolae Merovingici. . . Epistolae III, 147; Fr. Kos, o.c. I, 120.

[106] G. Vettach, o.c., AT NS XXII/2, 52, 53.

[107] Ова писмо научните работници претежно го датираат со 590 или 591 г.

[108] C. Baronius, Annales ecclesiastici VII, Venetiis 1710, 13; J. F. B. M. Rubeis, o.c., 273—278; Fr. Kos, o.c., I, 122—128 (само делумно го донесува ова писмо.).

[109] C. Baronius, o.c. VII, 13; J. F. M. Rubeis, o.c., 278.

[110] B. Benussi, L'Istria nei suoi. . . 86, 69.

[111] Тоа се гледа од писмата на бискупите „Venetiarum vel secundae Rhaetiae", кои му упатиле писмо на царот Маурикиј, кое Rubeis го става во 591 год. (J. F.B. M. Rubeis, o.c., 273) и изразуваат желба да се вратат повторно под власта на Византија (Fr. Kos, o.c., I, 126). Инаку и самиот Rubeis вели дека царот Маурикиј во тоа писмо Гугур I го наречува Норик, Рециј Секунда, Венеција и Истра, во која се суфрагани на Аквилејската митрополија, како истарски провинции (Rubeis, o.c. 273

раскол во Истра,[112] чии што некогашен освојувач — тридентскиот војвода Евин умира[113] некако 596 год. Три години подоцна Словените продираат во Истра, преку која дури влегуваат во Италија, каде не наоѓаат никаков отпор од страна на Византија.

Кога новиот лангобардски крал Agiulf,[114] наследник на Аустриј, склучил со Аварите вечен мир (601 или 602 год.), по кратко време неговите Лангобарди со Аварите и Словените упаѓаат во земјата на Истраните, и по неа сè палеа и пљачкаа.[115] Лангобардите секако упаднале во Истра по оној ист пат, по кој се движел и војводата Евин, исто така Грасулф и Гисулф.

И додека од сега Словените постепено но сигурно се населуваат во Истра стремејќи се кон нејзините приморски градови,[116] дотогаш не се знае како Лангобардите се однесувале спрема нив како сојузници на Аварите и дали веднаш ја напуштиле Истра како 589 год. или за некое време во неа останале.

Во тоа време дошло до промената на егзаршката столица во Равена, каде Романовиот наследник Калиник, победник над Словените од 599 год., бил сменет и на негово место дошол Смарагд (602). Истата година е убиен и византискиот цар Маурикиј, кого го наследил неспособниот Фока (602—610). Агилулф, кој со равенскиот егзарх бил во воен конфликт поради грабежот на својата ќерка, оваа иста година ги освија со помошта на Словените Кремона, потоа Мантуа и уште неколку градови. Овие настани го присилија Смарагд да му ја врати ќерката и со него да склопи мир на три години (602—605), кого од 606 г. го продолжувал понатаму.

Овие Словени кои секако беа поданици на Аварите, дојдоа во Италија преку Истра, каде можеби ним им се приклучиа и тамошните веќе тука населени Словени, со кои Аварите и Лангобардите пљачкаа по таа земја, во која веќе не беше никаков сериозен византиски воен отпор. Кога Фока го наследи царот Хераклиј (610—641), Аварите, дотогаш сојузници на Лангобардите, упаѓаат во нивната Фурланија, каде што палат и пљачкосуваат. Тие во своите редови секако имаа и Словени. Овој успешен аварски продор во С. Италија уште повеќе го зацврсти населувањето и постепеното ширење на Словените во Истра, бидејќи сега Аварите ги загрозија покрај лангобардските и византиските поседи во Италија, во која што Хераклиевиот егзарх мораше да ја засили војската, а ја ослабил војната

[112] S. Antoljak, Problematika najranijeg doselenja i nastanjenka Slavena—Hrvata u Istri, Starine JAZU 48, 47, 63, 64, бел. 13, 15, 16.

[113] G. Vettach, o.c., AT NS XXII/2, 95.

[114] Како Аутариј владеел до 589 год., затоа Агиулф, бидејќи владеел 25 г. (G. Vettach, o.c., 62, 63) бил владател до 614 год. Меѓутоа, Cronicon Romualdi Salernitani пишуваат дека Аутариј умрел 590 г. и дека таа година го наследил Агилуф (o.c., RIS f. 166, 122).

[115] S. Antoljak, o.c. 48—51, види 1962. B. Grafenauer дури тврди дека „под притисок на Словените" „Лангобардите" до 600 год. се повлекле до Соча", а „околу 600 со Словените и Аварите упаѓале во Истра и со Словените се служеле во војните против Византија" (Enciklopedija Jugoslavije, 5, 470).

[116] S. Antoljak, o.c., 51.

одбрана на својата провинција: Истра.[117] И додека, исто така, не се знае каков став спрема Истра имале Лангобардите со кралот Агилулф 612 год., по склучениот мир со Византија, сосема е јасно нивното држање спрема црковниот раскол во Венеција и Истра, каде папата сепак со духовно орудие успеал да ја совлада шизмата и таа земја да ја привлече во крилото на Римската црква.

Кога стана лангобардски крал Ротари (636—652), за време на неговото владеење речиси во сите градови од неговата држава беа по двајца бискупи (еден католички, а другиот аријански), Лангобардите во свои раце ја држаа целата копнена Венеција освен Истра, додека приморскиот дел на Венеција останал и понатаму под власта на Византија.

Византиското царство за време на владеењето на царот Хераклиј ги имал под своја власт, значи, истарските приморски градови со околината, кои всушност ја сочинуваат византиската покраина Истра, додека Хрватите се сместени во таа иста земја до градот Лабин и во планинските предели на Истра, така што Хрватска се протегала оттаму па се до реката Цетина, како што тоа го вели Константин VII Порфирогенет.[118] Со други зборови во Истра покрај Хрватите беа и натаму во големо мнозинство Словени, кои беа директни соседи на Лангобардите во Северна Италија, т.е. во приморската Венеција. И додека уште и тогаш Хрватите и Словените во Истра се пагани, како што тоа го потврдуваат веродостојните извори,[119] Лангобардите останаа и тогаш аријанци.

5.

Упадите на Аварите меѓу кои секако имаше и Словени (можеби и од Истра) на Фурланија (663/4 год.), и повторната провала на самите Словени во истите предели нешто подоцна — и тоа во два обида — кога оттаму мораа да се повлечат[120] доведоа до тоа да византиската Истра со бедните остатоци од приморската Венеција,[121] кои сè уште не потпаднале под лангобардска власт, секако пред 680 год. да се оформи во т.н. византиска епархија (ἐπαρχίας Ἰστρίας). Таа се поклопуваше со границите на новата истоимена црковна единица. На нејзино чело стоел градешкиот патријарх Агатон, за кого вели Chronicon Venetum vulgo Altinate (а потоа и Дандоло) дека бил родум од Копар.[122] Според du Cangeu епархијата

[117] S. Antoljak, o.c., 48, 52, 53, 52—54.

[118] S. Antoljak, o.c., 58, 78. биљ. 105, 58, 59.

[119] S. Antoljak, o.c., 79, 80, биљ. 231.

[120] G. Vettach, o.c., 100—102; Фр. Кос, o.c. I, 217, 218, 220.

[121] Hartmann вели дека уште 680 г. венецијанскиот бискуп се потпишува со додатокот: provinciae Istriae (M. L. Hartmann, o.c. II/2, Gotg 1903, 120).

[122] Значајно е, ако може да и се верува на оваа хроника и на Дандоло, дека негов свештеник Стјепан II бил од Пореч (Fr. Kos, o.c. I, 121). Ако пак може да му се верува на Дандоло, кој единствено го донесува името на неговиот свештеник Стјепан, кој пак бил избиран од бискупите, клерот и жителите на Nnovae Venetiae et Istriae, qui a Langobardorum jugo exempti erant...“, а самиот Агатон неговите суфрагани „novae Venetiae et Istriae“ (J. F. B. M. Rubeis, o.c., 305: Fr. Kos, o.c. I, 221, 230).

како световна единица има значење на: провинција,[123] со која управува епарх, т.е. претпоставен или воен заповедник[124] или перфект.[125] Инаку 870 год. Vita s. Clementis наведуваат „. . . εἰς τὴν Πανόνων ἐπαρχίαν. . .“,[126] која ја спомнува како „ἐπαρχία Πανονίας“ и Константин Порфирогенит и со неа управува „ἡγήμων“.[127] Тома Архиѓакон пишува дека кралевите на Далмација и Хрватска од времето на Стјепан Држислав се именувале како епарси или патриции, тие тој наслов покрај кралските обележја го добивале од византиските цареви.[128] Со други зборови епархијата навистина значи провинција, т.е. подоцнежната тема,[129] а епарх[130] е изедначен со титулата патрициј.[131] Значи, како што гледаме, Истра сега ја има добиено поголемата стратешка важност меѓу византиските поседи на Запад поради перипетии и досегашната титула „магистер милитум“ е заменета со новиот наслов: епарх. Вака новостворената епархија го доби така запазеното место во војно управната скала меѓу слично загрозените поседи на Византиското царство и така е образувана нова погранично-воено-управна единица, која вака живееше сè до оној мир, кога неа ја освоија Лангобардите. Пред крајот на VII век Истра дури станува привремено засолниште на фурланскиот војвода Romoald, чија што војводина привремено ја зазел Анстрит од Ragogna (Rannia).[132] Но штом Romoald од Истра стигна во Равена, а оттаму во Павиа на кралскиот двор, Анстрит беше фатен, ослепен и пратен во прогон-

---

[123] C. du Fresne domino du Cange, Glossarium ad scriptores mediae et infimae graecititatis... (Lugdunt 1688) Paris 1943, 416.

[124] Paulys Realencyclopadie der classischen Altertums Wissenschaft V/2, Stuttgart 1905, 2715.

[125] C. du Fresne domino Du Cange, o.c. 416; Истиот, Glossarium mediae et infimae latinitatis III, Niort“ 1884, 272.

[126] Fr. Kos. o.c. II (1906), 161.

[127] Fr. Rački, Documenta historiae croaticae periodum antiquam illustrantia, MSHSM VII, Zagrabiae 1877, 255, 271.

[128] Thomas Archidiaconus, Historia Saloinitana, ed. Fr. Rački, MSHSM 26. Zagrabiae 1894; 38; N. Klaić, Historia Salonitana Maior. Посебни изданиа на оделниeто за друштвени наука на SAN CCCXCIX/55, Београд 1967, 107.

[129] И додека Diehi пишува дека ἐπαρχία е синоним за тема и при тоа наведува некои примери (Ch. Diehl, o.c., 137, 138, 33) Тамаро пишува дека Градо станал војничко средиште на византиската Истра и приморска провинција Венеција и лагуните дека биле како: ἐπαρχία Ἰστρίας. (A. Tamaro, o.c., I, 147), додека Ferluga воопшто не знае за тоа име на Истра (J. Ферлуга, Ниже војно-административне јединице тематског уређења, *Зборник радова Византолошкої инсшишуша САН XXXVI/2, Беоїрад*, 1953, 66, 89, 93, 94).

[130] Diehl изнесува дека на челото на епархијата бил ἄρχων, т.е. генерален гувернер или стратег, и дека ἔπαρχος значи перфект до страната на егзарх (Ch. .Diehl, o.c. 137, 138, 185). Шишиќ го толкува според Стефанусовиот речник со значење: Praeses provinciae. Реиски пак — според Шишиќ — го идентификува овој збор со ἀνθύπατος prokonsul provinciae, т.е. царски наместник (F. Šišić, Povijest Hrvata u vrijeme narodnih vladara, Zagreb, 1925, 469, бел. 11).

[131] Титулата епарх или патрициј: по времето на Држислав ја носеле одделни хрватски кралеви (N. Klaić, HSM, 107, 108), а титулата проконзул и патрициј ја добил од царот Роман I Лакапен и Михаил Вишевиќ. Инаку Šišić го толкува доделувањето на титулата „патрициј“ на хрватскиот владеател дека Византија го ценела „како пријател на византискиот двор“ (F. Šišić, o.c., 412, 469).

[132] Блиску до Ст. Даниела во Фурланија (Fr. Kos, o.c., I, 232).

ство.[133] Romoald по се изгледа побегнал во приморсиот дел на Истра — и тоа највероjатно во Пула, од каде отпловил со брод во Равена,[134] коjа лежи наспроти овоj град. Кога со Фурланиjа управуваше славољубивиот воjвода Ferdulf (695—705 или 703—705?),[135] по негово наговарање упаднаа во таа земjа Словените, кои тоj сакаше да ги измами, и нив во шумскиот и тешко проодниот предел ги сочекал. Но по тоj повод не само што загинал тоj ами и речиси сето фурланско племство, како тоа го пишува Павле Ѓакон, а останал во живот само еден Лангобард,[136] што е очигледно претерано изнесено од страна на овоj инаку многу сигурен писател. Секако не може да се оттргнеме од впечатокот и од помислата а да не се запрашаме- дали во овоj потфат учествувале Словените и Хрватите од горниот дел на Истра и колкава при тоj настан одиграле рољa?

## 6.

Со доаѓањето на престолот на Liutprand[137] одново се засилува и проширува агресивната политика на лангобардската држава. На прво место овоj владетел успеал каj папата да за аквилеjски патриjарх биде избран негов човек: чедадскиот бискуп Серен,[138] коj се стремел да си ги присвои правата на градскиот патриjарх. Кога за овие негови намери разбрал папата Гргур II (715—731), тоj него го предупредил да се откаже од тоj подхват и му препорачал да се задоволи со оноj посед што го има внатре меѓу лангобардскиот народ.[139] Воедно папата им пишал на сите бискупи од Венециjа и од Истра како и на тамошните жители[140] дека тоj го предупредил аквилеjскиот

---

[133] Vettach, o.c. 117.

[134] Од Пула Белизар, Јустиниjановиот воjсководец, 544 год, се префрлил во Равена

[135] Rubeis го става неговото владеење со Фурланиjа во периодот од 695—705 год. (JBM Rubeis, o.c. — Appendix, 63), а M. Kos во 703 — 705 (M. Kos, Zgodovina. . . (1954), 54), додека слично датираат и останатите автори.

[136] G. Vettach, o.c., 125, 126; Fr. Kos, o.c. I, 240—242.

[137] Rubeis го става неговото кралување во време од 712—743. г. (J. F. B. M. Rubeis, o.c. 312, 62—Appendix).

[138] G. Vettach, o.c., 129; Fr. Kos, o.c. I, 245.

[139]. J. F. B. M. Rubeis o.c. 313. 314,; KDCI—I, 775; G. Monticolo, o.c. I., 11—13, 96, 97; Fr. Kos, o.c. I, 245, 246.

[140] Во Cronica de singulis patriarchis Nove Aquilete jасно стои: „. . . . . universis episcopis Venetiensis seu Hystrie vel plebi eusdem. . . .“ (G. Monticolo, o.c. I, 13), додека каj Rubesi според Baronius гласи таj пасус вака: „. . .Dilectis Fratribus Donato Patriarchae et episcopis, atque Marcelo duci et plebi Venecie et Ystrie. . .“ (A. Danduli o. c., RIS f. 315, 110, 111). каj Кандлера според Ughelliu тоа изгледа вака: „. . . Dilectis filiis Donato Patriarchae, episcopis, atque Marcello Duci, et Plebi Venetie, et Istriae. . .“ (KCDI I—717). Како наjстар изворен податок за тоа е оноj во„Chronica de sngulis patriarchis“, нема сомнение дека во сите останати преписи на овоj извор тоа што се однесува во врска со патриjархот и дуждот вметнато, а помеѓу Венециjа и Истра на место „seu“ е ставено „et“. Според тоа Кандлеровото тврдење дека Венециjа во ова време била под власта на венециjанскиот дужд, под коj би бил и магистер милитум со трибуните на поголемите градови во Истра (KCD I—I, 717), е наjблаго речено некритички и неконтролирано

патријарх дека не смее да ги нападне пределите од градешката епархија и да ги гиба нејзините права, така што изразува надеж дека Лангобардите нема да се осмелат да ги нападнат нив. Во меѓувреме, како што раскажува Иван Ѓакон,[141] венецијански хроничар од крајот на X век и почетокот на XI век, за време на владеењето на византискиот цар Анастасиј II (713—716) и Лиутпранд од сите венецијанци избран е за првиот дуж Паулациј, кој владееше во Хераклеја, наречена и Цивитас нова, и во договор со лангобардскиот крал ги уредил границите на својот град. По неговата смрт (727?) во тој ист град него го наследил дуждот Marcello, кој владееше две години помалку од својот свештеник. Меѓутоа, Дандало, венецијански хроничар од XIV век, кога се служел со Иван Ѓакон, тој него го искривил, а пред се неговото датирање. Така, Дандало меѓу другото донесува, како Паулициј со Лиутпранд склопил пријателство и договор помеѓу Венеција и Лангобардите, според кој тој и неговиот народ добиле бројни повластици. Покрај тоа Паулициј ги омеѓал границите на Хераклеја со Марцел magister militum[142] и.т.н. Со ваквото свое излагање Дандало ги довел мнозината историчари,[144] а особено нашите[145] во заблуда, така што тие врз основа на неговата, а не на Ѓаконовата хроника, создале погрешни заклучоци за датирањето и постанокот на овој дукат како и за неговата големина. Врз база на овие податоци навистина т.н. групата на острови од Венеција станал дукат и се отцепил од Истра, со која останал поврзан само копнениот дел на Венеција.

[141] G. Monticolo, o.c. I, 13; J. F. B. M. Rubeis, o.c., 314, 315; KCDI I—717: Fr. Kos, o.c. I, 247.

[142] G. Monticolo, o.c. I, 91, 94.

[143] A. Danduli o.c., RIS f. 315, 105, 106, 108, 109.

[144] Во врска со тоа Hartmann пишува дека во старо време заповедништвото во Венеција и Истра беше специјално под власта на магистер милитум. Но кога венецијанското копно дошло во рацете на Лангобардите, врската помеѓу венецијанската обала и Истра била загрозена според фурланските војводи, ако не и одсечена. Така Хераклеа по 680 год. станала село на дуксот, кој бил независен од магистер милитум на Истра и бил само подреден на егзархот. Со тоа наместо старата Венеција стапила новата венецијанска марка со своите лиди и кастри, токму во она време, кога сето Ромејско царство беше реорганизирано во теми и дукати (M. L. Hartmann, o.c. II/2, 105). Kretschmayr изнесува дека по 680 г. бил организиран самостоен венецијански дукат и дукс во Хераклеа, и дека друго ништо повеќе не може да се каже со сигурност. Па сепак тој, како се чини, се определува според Дандоло за смртта на Паулациј во 717 г., и понатака ги обработува според тој подоцнежен извор владеењата на останатите дуждеви. За Венеција и Истра го донесува цитатот од Павле Ѓакон, кој, како се чини на Kretschmayr, зборува за обединувањето на овие земји во VII и VIII век (H. Kretschmayr, Geschite von Venedig I, Gotha 1905, 42, 44, 417, 49, 416.).

[145] Така D. Gruber (o.c., 23) пишува дека 697 г. „Венеција“ не сакала да биде зависна од Истра, бидејќи станала посилна, и таа година таа го избрала за посебен дужд Паулациј, отцепувајќи се од Истра и така станала засебна „автономна византиска покраина, додека отогаш истарскиот воен мештар управувал само со Истра“. F. Šišić (Povjest . . . 320) пак пишува без било какви докази дека Марцел (у. 726) бил истовремено и царски дукс и „magister militum за Истра“. Н. Клаиќ зборува, потпирајќи се на Верготтини, дека Истра“ се до крајот на VII век со Венеција сочинувала една административна целина“. Но дека Лангобардите со „оснивањето на чедадскиот дукат ги прекинале врските помеѓу нив, тогаш магистер милитум бил само заповедник во Истра“. Понатаму, цитирајќи го Ferluga, со него се сложува дека Истра никогаш не била тема, бидејќи немала стратег и таа „не познава некој друг византински чиновник освен магистер милитум“ (N. Klaić, Povjest . . . 100).

Според тоа а врз основа на Иван Ѓакон нема ни збор дека Marcello бил магистер милитум за Истра, иако според Дандоло е magister militum, но само за еден дел од пределите на Венеција. Исто така сосема треба да се отфрли и претпоставката на Кандлер, која не се темели на никаков изворен податок, т.е. дека во исто време првиот венецијански дужд бил и дужд на Венеција и Истра, а тоа важи особено и за наводот на Шишиќ дека Marcello бил венецијански дужд и magister militum за Истра.

Исто така со сигурност може да се каже дека декретот на божемниот синод во Рим од 1. XI 732 год.,[147] на кој божем византиска Венеција и Истра се придодадени на градешката столица, а копнената Венеција на Аквалејската патријаршија, е фалсификат, како што тоа го востанови и Kretscmayr.[148] Значи, тој божемен заклучок на овој синод со сиот свој опис е измислен, а особено онаа одлука на тој синод да градешкиот патријарх биде како и неговите наследници, primas „totus Venetiae et Istrie“,[149] додека чедадскиот бискуп Серен да живее во тврдината Cremons и да се задоволи со лангобардската земја.[150]

Токму некако кога Marcello беше избран за новиот венецијански дужд, Словените во голем број, како што пишува Павле Ѓакон, дојдоа[151] до местото „Lariana“, каде на веста дека се тие тамо, пристигна фурланскиот војвода Пемо[152] и дури во третиот напад тешко ги поразил. Но наспроти тоа со нив кај истото место склопил

---

[146] Kandler го става изборот на првиот дужд во Венеција наместо магистер милитум во 697 г., и вели дека Истра, која е ставена под власта на дуждот, била обединета со Венеција (P. Kandler, Fasti istriani, L'Istria V, No. str. 8). А во својата историја на Трст пишува дека со Венеција како и со Истра управувал магистер милитум. Но 697 г. е избран дужд по наговор на партијархот Кристофор од Пула, кој живеел во Град, во цивилната и црковната метрополија на Венеција и Истра. На овој дужд, вели понатаму Kandler, му се покорувала Истра и тој се нарекувал дужд на Венеција и на Истра (P. Kandler, Le istorie di Trieste, AT NS(III) VIII 91).

[147] KCDI I—1, XI. 732; Fr,. Kos, o.c. I, 253—255 (o.c. XI, 731).

[148] H. Kretschmay, o. c. I, 28, 414. Cessi, кој го става овој синод во 732 г. и вели дека тие списи исто така, се публикувани во MGH (Eptst. III, 704), се невистинити (R. Cessi, Le vicende politiche dell 'Istria medioevale I, Padova 1938, 207).

[149] Benussi i покрај тоа вели дека на тој концил биле присатни и бискупите на Венеција и Истра (го спомнува само бискупот на Трст Иван) и дека таму била извршена поделбата помеѓу градешката и аквилејската црква врз основа на политичките граници помеѓу Византија и Лангобардите (овдека го ползува codexот на Kandler) и дека таа состојба не се менувала, се дотогаш додека Истра останала под Византија (B. Benussi, L'Istria nei suoi . . . 94, 95).

[150] KCDI I—1. XI. 732. Kandler дури вели дека папата Гргур III го прогласил Градеж за метрополија на Истра и Венеција во византиската земја, а Аквилеј во лангобардската (P. Kandler, Annali . . . 13, 732).

[151] Според Дандоло овој настан се случил по 726 г. (A. Danduli, o.c. RIS f. 315, 112). Schöleben пак го става во 718 г. (J. L. Schönleben, o.c., 368). Fr. Kos vo o. 720 г. (cf. c. I, XL, 243), Benussi во 718 г. (cf. Nel medio evo, 21) а Grafenauer како и Fr. Kos (cf. B. Grafenauer, Ustoličevanje koroških vojvod in država karantanskih Slovencev, Razprave SAZU V (Hauptmannoviot zbornik), Dela 7, Ljubljana, 1952 477). Така исто го датира и J. Мал (o. c., 25) а и M. Kos, K postanku slovenske zapadne meje, Razprave V/VI, Ljubljana, 1930, 343) и т. н.

[152] M. Kos, покрај другите писатели, владавината на Пемо ја датира од 706—737 г. (M. Kos, K postanku . . . 342), додека уште Kandler од 706 г. по натму (P. Kandler o.c., 138).

мир. И од тоа време, вели понатаму Павле Ѓакон, Словените се повеќе и повеќе се плашеа од фурланското оружје.[153]

Од сето ова, иако е овој локалитет и денес топономастички несигурен, нас не интересира каде беше „Lauriana" и што е од тој настан вистина?

И додека Павле Ѓакон пишува дека Пемо војувал со Словените кај местото „Lauriana", во тоа слепо го следи и Дандоло, но вели дека по нивниот пораз со Словените скључил мир.[154] Во врска со тоа странските,[155] а особено италијанските[156] и нашите историчари[157] го убицирале ова место. Така според едни тоа е во Фурланија, а по други дури Ловран кај Опатија. Секако дека топонимот „Lauriana" повеќе му одговара на оној локалитет во Фурланија отколку на денешниот Ловран („Laurana" во средновековните извори), за кого исто така има многу примамливи и интересни толкувања. Значи оваа војна се водела на лангобардското подрачје а не во Истра, во која веќе одамна се населени Словени и Хрвати, кои беа во склопот на својата матица — земја.

## 7.

Секако дека вака склопеното примирје, заправо е прв мировен договор помеѓу Словените и Лангобардите, кои на овој начин беа присилени да ги обезбедат своите дотогаш загрозени северни граници. Од друга страна Истра остана поштедена од упадите на Лангобардите од Фурланија, кои по низа години беа зафатени со други освојачки планови и потфати. Имено по долгите припреми лангобардскиот крал Aistulf (749—757)[158] ја осваја Равена.[159] По тоа на овој лукав и силен

---

[153] G. Vettach, o.c., 133, 134: Fr. Kos, o.c. I, 244.

[154] A. Danduli o.c., RIS f. 135, 112.

[155] Така Ghrörer пишува дека Пемо ги победил Словените кај „Lauria" и дека тоа место е денешниот Ловран (A. F. Ghrörer Byzantinische Geschichte I, Graz 1872, 46, 47). Hartmann пак претпоставува дека тоа би можел да биде Lurnfeld кај устието на Mölla во Драва (M.L. Hartmann, o.c. II/2, 154).

[156] De Franceschi се согласува со Ghrörer дека битката била кај Ловран и додава дека Словените мислеле да извршат пробив во исто време и во Фурланија и во Истра. Малку потоа повторно се враќа на Лауриан и вели дека во Фурланија има место по име Лаварино, кое една исправа од 776 г. го наречува : Лаберианум. Затоа смета дека современикот Павле Ѓакон тој локалитет не би го преправил сигурно во Лауриана ако сметал да зборува за него (C. de Franceschi, L'Istria, 81—83). Но подоцна тој истиот C. de. Franceschi во писмото до Коблер се согласува дека битката се водела кај денешниот Ловран (јужно од Удине (Lettere di C. de Franceschi a G. Kobler, Fiume, Revista VI, Fiume 1928, 194, 195). Меѓутоа Tamaro е за Lauriano (A Tamaro, o.c. I, 142), додека Benussi претпоставува дека тоа е веројатно Lavarino а не Lovran (B Benussi, L'Istria nei suoi due milenni di storia, 73).

[157] Linhart се определува за денешниот Ловран во Истра (A Linhart, o.c. II, 151, 152), додека Rutar е за Lavariano, 12 км. од Удине (S Ruter, o.c. 324), а така и Fr. Kos (o.c. I, 243) и M. Kos (Zgodovina Slovencev, 54), а тоа го прифаќа и B. Grafenauer (Ustoličavanje. . . , 477).

[158] Rubeis го става неговото кралување од 749 до 757 (JFBM Rubeis, o.c. 62—Appendix), а Fr. Kos (o.c. I, 269) од 749 до 756 г.

[159] Lucius го става овој пад во 752 г. (J. Lucius, De Regno. . . . , 50), Negri во 751 (G. Negri, o.c. 164), додека Кандлер во 752 г. (P. Kandler, Annali. . . 14), Абел пишува дека Аистулф на 1. VII 751 се наоѓал во Равена (S Abel, Der Untergang des Langobardreiches tn Ita-

владетел му се предал и последниот равенски егзарх Eутихиј. Co борба пак го освоил уште Comacchio и Ferraro (место кај Равена) и Истра, како што за тоа зборува единствено Салернитанската хроника, која ја составил Ромуалд, писател од втората половина на XII век.[160]

Бидејќи Павле Ѓакон ја опишува историјата на Лангобардите само до 744 год., нам ни преостанува единствено Ромуалдовата салернитанска хроника, чија што веродостојност досега со ништо не е разнишана. Затоа и мора да се претпоставува дека тој хроничар се служел и со постари извори, кои за тој настан пишувале, бидејќи тој самиот ова не го можел, а ниту имал интерес тоа да го измисли. Прашањето е само, кога Истра навистина дојде под власта на Aistulf и на Лангобардите и во кој обем ним им припаѓале? За тоа има разни мислења и датирања.

Така Кадлер најпрвин го става овој настан во 752 год.,[161] а потоа во 753 год.[162] Benussi пишува дека сета Истра ја зазел Aistulf во јули 751 год., по победата над византиските чети.[163] E. Mayer според Benussi го става освојувањето на Истра исто така во 751 год.[164] Но Vergottini пишува дека Истра од 751(?) до 774(?) била под Лангобардското кралевство, и со неа владееле војводи. Но поставува сомнеж дали без прекин траеше ова нивно господство две децении и дали тоа се протегло над сета покраина.[165] Н. Жиц го става ова освојување во 751 год.[166] C. de Franceschi овој настан го датира во 752 год, а потоа во 753 год.[167] Schiavzzi пишува дека Лангобардите во 753 год. го зазеле поголемиот дел на Истра,[168] а така и Luciani[169] И додека Gruber како Benussi го датира падот на Истра под Лангобардите во

---

lien, Göttingen 1859, 25, 55). Hartmann најпрвин во своите „Untersuchungen" вели дека не може точно да се одреди падот на овој град. И покрај тоа се обидува, врз база на изворите, тој пад да го датира на карај од 750 или во пролет 751 г. (M. L. Hartmann, Untersuchungen zur Gesich. d. byz. Verwaltung in It. (540—750), Leipzig 1888, 136). Но веќе во Ges. It. (II/2, 150 се определува за 751 и додава дека покрај Венеција и Истра е римски дукат а Напуљ и делот на Јужна Италија останале во рацете на Византија. Меѓутоа Kreschmayr го датира падот на Равена на 4. VII. 751 г. (H. Kretscnmayr, o.c. I, 49).

[160] Chronicon Salernttanum: „. . .Post hunc in regnum elevatus est Aystulfus, vir per omnia astussimus et ferox. Per idem tempus Euthicius Romanorum patricius se Aystulfo tradidit, simulque Comiaculum, atque Ferrariam seu et Istriam pugnando obtinuit. . ." (Fr. Kos, o.c. I, 270).

[161] P. Kandler, Fasti istriani, L'rstrta V, No 1, str. 8; Истиот во својата Историа на Трст (P. Kandler, o.c. AT NC (III) VIII, 91).

[162] P. Kandler, Fasti iatriani, L'Istria No 2; Isti, Dei popoli che abitarono l'Istria, L'Istria VI, No 18, 77; Isti, Annali. . ., 14—753; KCDI I—768 i 778.

[163] B. Benussi, Nel medio evo, 28; Isti, L'Istrta nei suoi milennii. . ., 94.

[164] E. Mayer, La costituzione municipale dalmato-istriana nel medio evo e le sue basi romane, Attti. . . . XXII, Parenzo 1906. 395, 396.

[165] G. de Vergottini, Per la revisione delle liste cronologiche per L'Istria medievale, Atti. . . XLrX, Parenzo 1937, 51, 53.

[166] N. Žic, Istra II, Zagreb 1937, 20.

[167] C. de Franceschi, o.c., 83, 84.

[168] B. Schiavuzzi, La malaria in Istria, Atti. . , V, 384.

[169] T. Luciani, Albona, 3.

месецот јуни 751 год.[170], A. Tamaro пишува врз основа на Салернитанската хроника дека таа била освоена или 751 или 752 год.[171] M. Rojnić само вели дека таа е под нивна власт 751 год.,[172] а N. Klaić го следи Benussi и го прифаќа без резерва неговото мислење дека Истра паднала „во лангобардски раце 751 год., значи во истата година кога паднал и Равенскиот егзарт".[173] Како што гледаме постојат разни датирања, меѓу кои сепак преовладува 751 год. како година на лангобардското освојување. Што се однесува до второто прашање: колкав нејзин дел им припаѓал на овие освојувачи и како сега Истра беше уредена, за тоа исто така има многу различни мислења и ставови.

Така меѓу првите Rubeis вели дека Истра никогаш не им припаѓала на Лангобардите, и покрај тоа што во самиот текст и на истата страна од своето дело со донесените извори тоа се побива.[174] Kandler во 1850 год. пишува дека Лангобардите освоиле поголем дел на Истра во 753 год., но дека Копар и другите места сè уште останале под власта на Византија, додека истарските фамилии се засолниле во Венеција, од која тогаш е и оделена Истра.[175] Во 1851 год. истиот писател дури донесува дека Лангобардите со Словените зазеле поголем дел од Истра.[176] Истата оваа година, но во еден друг труд, авторот тврди дека во 753 год. поради пљачкосувањата на Лангобардите пределот помеѓу Крас и Драгоња останал пуст и дека народот се засолнил на островите или пак по морскиот пат се населил на венецијанските лагуни. Таа година многу истарски фамилии ги напуштиле своите градови и се засолниле во Венеција, каде што и се населиле.[177] Истиот Kandler во 1855 год. го повторува ова исто датирање за заземањето на Истра од страна на Лангобардите, кои освоиле поголем нејзин дел, и повторува дека Копар и уште некои други места останале под византиска власт, додека истарските фамилии се засолниле во Венеција,[178] а ова исто преселување го застапува и Schiavuzzi.[179] И Luciani вели дека Лангобардите во 753 год. го освоиле поголемиот дел на Истра, а на Византија и останал Копар (Capodistria) и уште некои други места, додека истарските фамилии побегнале во Венеција.[180] Грубер покрај веќе наведената датација за освојувањето вели дека Лангобардите Истра ја имаа направено како посебно војводство, на чие чело Aistulf го поставил Dezideri, подоцнежниот лангобардски крал.[181] Fr. Kos, држи за веројатно, дека Лангобардите господареле само со северниот дел на Истарскиот Полуостров, а по јуж-

---

170 D. Gruber, o.c., 16.
171 A. Tamaro, o.c. I, 147.
172 M. Rojnić, Istrie apercu nistorique, Sušak 1954, 7.
173 N. Klaić, o.c., 106.
174 J. F. B. Rubeis, o.c., 223.
175 P. Kandler, Fasti tstriani, L'Istria V, No2, 9.
176 P. Kandler, Epoche per li Slavi nell'Istria, L'Istria VI, No 6, 28.
177 P. Kandler, Dei popoli che abitarono l'Istria, L'Istria VI, No 18, 77. No 19, 83.
178 P. Kandler, Annali. . . . , 14—753.
179 B. Schiavuzzi, o.c., Atti. . . V, 384.
180 T. Luciani, Albona, 13.
181 D. Gruber, o.c., 16.

ниот дел и особено по приморските краеви дека владееле и понатаму византиските цареви.[182]

Benussi во „Manuale" исто како и Gruber вели дека Истра под Лангобардите образувала посебен дукат[183] и дека сега истарските бискупи се обидувале да основаат самостојна црковна провинција независна и од Аквилеја и од Градеж.[184] Ferluga само признава дека Лангобардите и Словените постојано упаѓале во Истра, која пак до падот на Равенскиот егзархат беше подчинета на Равена, која подоцна стана самостојна единица под власт на магистер.[185] Со други зборови тој веројатно сакал да каже дека до падот на Истра под Франките, таа постојано била под власта на Византија, што е неточно. N. Žuc дури донесува дека науката неодамна се ослободила од заблудата дека византискиот период во Истра бил прекинат со владавината на Лангобардите од 751 до 774 г. Денес е јасно продолжува тој „дека Лангобардите беа соседи на Истра и дека со војни походи ја вознемирувале, но тие не ја освоиле и во неа не оставиле траги".[186] N. Klaić, потпирајќи се и понатаму упорно на Benussi, изнесува дека во Истра византиските чиновници биле отстранети „и таа е уредена како дукат, но чие чело е самиот крал како како дукс", но дека лангобардската власт „не можеше да се одржи".[187] Како во Салернитанската хроника јасно е речено дека Aistulf ја освоил Истра, значи тој можел да ја заземе и по копнен и поморски пат. Имено, познато е дека Лангобардите и нивните владетели имаа силна морнарица за чија што дејност во времето на кралот Liutprand во повеќе наврати зборува Павле Ѓакон.[188] Значи на копнениот дел од Истра Aistulf ја победил византиската војска и ја окупирал Истра, додека нејзините приморски градови можел да ги освои од морската страна. Според тоа наведените мислења за дуалистичката владавина со Истра многу се проблематични. Но во врска со окупацијата на Истра од страна на Лангобардите останува нејасно: како се однесувале Словените и Хрватите кон Лангобардите, кои беа во поголемиот дел од оваа земја и дали ја примија таа окупација мирно или даваа посилен или послаб отпор. Секако дека Лангобардите не продреле преку меѓата од оној дел на Истра, кој бил во склоп на хрватската држава и на нејзиниот владетел, чија што ратоборност ја имале во целост почувствувано јужноиталските Лангобарди кој Сипонт уште 642 год. Значи Aistulf завладеал со византиската Истра во целост. На тој начин Лангобардите во Истра за прв пат станаа директни соседи на Хрватите и на нивната творевина и не покажуваа агресивни стремежи за премин преку хрватските граници. Кога Лангобардите на Aistulf покрај другото ја освоија и Истра, франачкиот крал Пипин Мали сека-

---

[182] Fr. Kos, o.c. I, 270.

[183] B. Benussi, Manuale det geografia dell'Istria, Parenzo ²1903, 84, 109.

[184] B. Benussi, L'Istria nei suoi. . . , 109.

[185] J. Ferluga, o.c., Zbornik. . . XXXVI/2, 93.

[186] N. Žic, Istra pod Bizantom, Riječka revija IV/3—4, Rijeka 1954, 151,

[187] N. Klaić, o.c., 106.

[188] G. Vettach, o.c., 133, 135.

ко написмено не ветил ниту подарил на папата Стјепан II (752—757) некои земји во Италија, а особено не „Ductum Veneteriarum, et Istriae inergriter“,[189] бидејќи е докажано дека таквиот вид на даровница е напросто фалсификат.[190] Дека оваа даровница е лажна докажува и Dellagiacom со тоа што во писмото на Хадријан до Карло папата не изнесува никакво право над Истра. Од тоа се гледа, вели овој писател понатаму, дека ниту во онаа Пипинова даровница Истра не била одземена од Лангобардите и оставена на папата, а ниту се вели дека таа е одземена и од Византинците. Едно сигурно се знае дека Карло Велики ја грабнал од Лангобардите оваа земја, а која е причината за тоа и кога тоа се случило, не се знае.[191]

Tamaro прост ја изнесува Пипиновата даровница од 754 год. и одделно ги цитира покрај Равенскиот егзархт, Венеција и Истра, кои потпаѓале под византиската „omnis Italia“.[192] Но Дахиновиќ од него уште е побезбоен и неопределен, бидејќи воопшто не ја спомнува Венеција и Истра во врска со таа „даровница“.[193] Во поглед на Истра треба овде да се отфрли уште едно тврдење или претпоставка. Имено за времето на папата Стјепан II лангобардскиот првенец Дезидериј уште е „dux Hetruriae“.[194] а за папата Павле I (757—767) како „dux militaris“,[195] тој станува лангобардски крал.[196] Тоа се случило во времето, кога Пипин, по победата над Лнгобардите, на Византинците

---

[189] KCDI I—753; Fr. Kos, o.c. I, 267, 268. Benussi донесува извадок од Монтекасинската хроника (Cronica mon. Cassinensis auctore Leone ann. 754., Pertz, MGH, SS IX) каде се споменува дека Пипин му дарува на св. Петар и на неговиот викар покрај другото и „. . . universum exarchatum Ravennae, sicut antiquitus fuit cum provinciis Venettarum et Histriae. .“ (B. Benussi, L'Istria nei suoi. . . , 103). Baxmann донесува од Lib. pont. Vita Hadriani I (Muratori III/1, 186) дека Пипин во Киерсиу 14. IV. 754, дарувал со исправа, која за жал не е сочувана, покрај другото „atque provincias Venetiorum et Histriam necnon et cunctum ducatum Spoletanum et Beneventanum“ (R. Baxmann, Die Politik der Päpste von Grgur I bis auf Gregor VII, Elberfeld 1868, 238, 239).

[190] За тоа види. P. Scheffer-Boichorst, Pipins und Karls d. G. Schenkungsver-sprechen, Mitteilungen des Institutes für österreichische Geschichtsforschung V, Innsbruck 1884, 193—212; M. L. Hartmann, Geschtchte Italiens im Mittelalter II/2, 201, 202, 325—327; B. Benussi, o. c., 101. 104; Fr. Kos, o.c. I. 267.

[191] S. Dellagiacoma, o. c., AT NS III, 361, 362.

[192] A. Tamaro, o.c. I, 148.

[193] Еве што вели. .“. .Стоеле работите како сакаш, факт е, дека Пипин ги предал под 754 г римската провинција и Равенскиот егзерхат на папата, откако ги беше зел од Лангобардите. Дали тоа предавање е извршено во изричита намера, предадените земји, донеодамна византиска. територија, да прејдат во исклучива своина на римската столица како посебна државна организација, тоа навистина не може да се утврди“ (A. Dabinović, Kada je Dalmacija pala pod jurisdikciju carigradske patrijašije?, Rad JAZU 239, Zagreb 1930, 171).

[194] Иако во некои извори Дезидериј се спомнува како тускијски (етрурски) војвода, Hartmann вели дека тој тоа не бил ами само војвода на еден тускијски град и дека тоа се гледа оттаму што нему Аистулф му доверил врховно заповедиштво над четите од разни тускијски градови (M.L. Hartmann, o.c., II/2,244).

[195] Во Chronicon Salernitani пишува дека тој бил пред својот подем на престолот „comestabulus“ на Аистулф (Chronocon. . . ., RIS f. 188, 145), а тоа го велат и Еинхардовите анали (Hartmann, o.c., II/2, 244).

[196] Тој е крал од 757. до 774. г. (L. Salvatorelli, L'Italia medievale. Storia d'Italia III, Milano, 605).

им го дава Равенскиот егзархат назад, како што пишува Platyna.[197] Тогаш се уште се спомнува Дезидериј како „Dux Hetruriae", а не, како што пишува Дандоло: „dux Istriae",[198] бидејќи тоа тој самиот произволно го вметнал, а ниеден друг современ извор или поранешен писател вака тоа не го изнесуваат. Со тоа, пак, Дандоло се покажал колку е несигурен извор, а пред се во поглед на самата историја на Венеција. Оваа Дандолова измислица сепак ги ставала во двоумење или пак ги завела некои историчари кои не ги имаат консултирано современите извори. Само ретки беа оние историчари кои оваа Дандалова измислица ad limine ја исфрлуваа. Така Manzano пишува дека Дезидериј во 756 год. според едни бил „војвода од Истра" а можеби уште помалку и на Тоскано, како што тоа другите го сакаат, без да дава образложение и докази за ова.[199] Tamaro вели дека Истра по 751 год. останала во рацете на Лангобардите, иако некои сакаат спротивно и дека Дандоло веројатно згрешил штом Дезидериј го наречува „dux Istriae", бидејќи во хрониките (Pauli continuatie tertis, 211, 44; Pauli continuatio romana, 201, 4) тој се наведува како „dux Tusciae".[200] Benussi пак пишува дека за новоосвоената покраина Истра не бил назначен посебен војвода, но затоа со неа управувал директно кралот Дезидериј.[201] Paschini вели дека што се однесува до Истра добро се знае, оти Дезидериј се обидувал повеќе пати да ја припои кон своето кралевство, но не успеал, да стане господар на сета оваа земја. Понатаму, цитирајќи го Rubeis, изнесува дека и во Дезидериево време оваа земја е во рацете на Византија и дека и во последните години на Лангобардското кралевство тогашниот крал се обидел да ја освои.[202] Меѓутоа Kandler тврди дека тој наслов Дезидерј го добил 753 год. т.е. дека тогаш Истра дојде во посед на Лангобардите.[023] Negri го наведува Мураториј, кој го изнесува и овој Дандалов податок за Дезидеријевото војводство во Истра и оној на Анастасиј Библиотекар од времето на живеење на папата Стјепан II, каде стои дека овој лангобардски големец во тоа време бил војвода во Тоскана а не во Истра. Наспроти тоа Negri додава дека Мураториј не му противречи на Дандоло туку само забележува дека со Истра во 771 год. владееле

---

[197] Platynae, Liber de vtta Christi ac omnium ac omnium pontificum, RIS f. 143, t. III, p. I, Città di Castello 1915, 131, 132.

[198] (756) „. . .Eodem anno Aistulfus. . . . . periit. Desiderius itaque, qui d u x I s t r i a e (S.A.) erat, auxilio pape, factus est rex Langobardorum. . ." (A. Danduli o.c., RIS f. 315. 119; Fr. Kos, o. c. I, 270).

[199] F. di Manzano, o.c., 208, 209.

[200] A. Tamaro, o.c. I, 147.

[201] B. Benusst, L'Istria nei suoi. . ., 94, Со него се сложува и N. Klaić (Povijest. . . , 106).

[202] A. Paschini, Storta del Friuli, Udine 1934, 139, 143,

[103] KCDI I-768.

Лангобардите и дека за тоа зборува и Салернитанскиот аноним.[204] Polesini само вели дека Дезидериј бил прво војвода на Истра а потоа и крал на Лангобардите.[205]

Vergottini, опишувајќи го владеењето на лангобардските војводи од 751(?) до 774(?) сепак се сомнева во тоа, зашто оваа вест е од многу подоцнежно време од самиот Андрија Дандоло од XIV век, на која пак потполна веродостојност и дава ценетиот тисторичар Бенуси. По понатаму тој вели дека нема директна а ни индиректна вест за формата на владеењето со Истра под лангобардското господство.[206] Dellagiacomo пишува дека Дезидериј од 756 год. ја нема титулата војвода од Истра, природно цитирајќи го и она што за тоа го вели Дандоло.[207] Кандлер повторно расправајќи за ова прашање, наеднаш изнесува дека дури кралот Adelchis (692) тргнал против Истра, но бил победен (науката тоа одамна го има отфрлено). Но се чини, пишува тој понатаму, дека тоа се случило помеѓу 737 и 739 год., а поскоро во 753 и во 772 год., во времето кога Дезидериј и Adelchis последните лангобардски кралеви, се викаат и војводи на Истра. Но оваа господство е нестабилно заклучува овој писател.[208] Во Истра, во која секако владееле Лангобардите, како што тоа го покажуваат изворите, нејзините освојувачи доста самоволно се однесувале наспроти директивите на Дезидериј. Дури Лангобардите ги придобиле на своја страна тамошните бискупи и тие се одметнале од Градешката црква,[209] на која не и дозволувале народот да и дава нови задушници. Сега во Истра самите Лангобарди[210] собирале колекти (задушници). Сметајќи се премногу загрозени во своите права на Истра градешкиот патријарх Иван, кој неа ја сметал за своја баштина, а во договор со Маурициј,[211] венецијански дужд,[212] (duci huius Venetiarum provinciae), се обратил со писмо до папата Стјепан II (768—772), молејќи го да го ослободи тамошниот народ од лангобардскиот јарем, бидејќи не може да се служат

[204] G. Negri, o.c., Atti. . . III, 165.

[205] F. de Polesini, Sulle memorte storico cacre profane della chiesa e diocesi di Parenzo nonche dell'Istria raccolte I (scritto nel 1856—pišano so moliv), lla (Historijski arhiv vo Rijeka—Parenzo—storia ecclesiastic Negri e Polesini No 39).

[206] G. de Vergotttni, o.c., Atti. . . XLIX, 53, 56.

[207] S. Dellagiacoma, o.c., AT NS III, 360.

[208] P. Kandler, Le istorie, di Trieste, AT NS (III) VIII, 90.

[209] Така народот и клерот на Пула бара од аквилејскиот патријарх Сгвалд да им го посвети бискупот, кого тие го избрале (Rubeis, o.c., 327, 328, 417; Fr. Kos, o.c. I, 279).

[210] За строгата владавина на Лангобардите во Истра пишува доста неконтролисано и D. Gruber (o.c., 16, 17).

[211] Романин пишува дека владел од 764. до 777. г. (S. Romanin, Storia documentata di Venezia I, Venezia 1853, 124, 131).

[212] Овој настан во врска со duждот Маурициј I. della Croce (o.c., 586) го става во 772 г., а Дандоло го означува ваквото дуждово залагање за „compacins Ystriensi populo“ (Danduli, o.c., RIS f. 315, 120, 125; Fr. KOS, o.c., I, 277). Ианку Дандоло секогаш дуждевите од овој временски период ги наречува „dux Venetae“, па така и овде (o.c., RIS f. 315, 121). Kandler пак оваа дуждева интервенција на божемната молба на народот на Венеција и Истра кај папата Стјепан ја става во 769 г. (Kandler, Annali. . . 14).

двајца господари.[213] Кога папата виде дека бискупите од истарската покраина навистина сакаат со помош на световната власт да се отцепат од Градешката црква[214] и меѓу себе да се посоветуваат, им упатил писмо, во кое ги опоменува да се откажат од тоа заканувајќи им се во спротивен случај со црковното изопачување.[215] Меѓутоа наскоро дојде до општата спогодба помеѓу „Romanite“[216], Франките и Лангобардите.[217] Според неа е утврдено, приморската провинција Истра,[218] која во црковен поглед подпаѓаше под градешкиот патријарх[219] заедно со приморскиот дел на Венеција[220] да биде здружена.

---

[213] J. F. B. M. Rubeis, o.c., 328 (делумно го објавува оваа писмо и го датира со о. 770 г.) KCDI I—768; Fr. Kos, o.c. I, 276, 277 (regest помеѓу 768—772 г). Benussi тоа писмо го донесува нешто искривено и расфрлено и го датира најпрво во769 и 770 г., а потоа во770 г. (Benussi, L'istria. . . 71, 97, 98, 193, 95), додека Gruber (o.c., 17) го ства во 769 и 770 г.

[214] Kandler пишува дека папата Стјепан во 768 г. сакал истрските бискупи, кои подпаднале под власт на византискиот цар, да бидат зависни од градешкиот патријарх. Но тие оклевале, и се свртиле кон аквилејскиот патријарх (Kandlar, Annali. . , 14—767).

[215] KCDI I—768; Fr. Kos, o.c., I, 277 (regest—помеѓу 768—772).

[216] Dellagiacoma смета дека под изразот „Romanos“ во овој договор не се мисли на Грците, како тоа го сака и Ghrörer, ами единствено на папинската власт (Dellagiacoma, 9.c. AT NS III, 360361). Имено Baronius, кој го датира овој договор дури во 754 година вели : „Federa facta inter Romanos, Francos et Langobardos“, зборува и за „pacem inter Romanos, Francos et Langobardos“ (J. F. LB. M. Rubeis, o.c., 329).

[217] Luciani го става овој договор помеѓу Франките, Грците, и Лангобардите во 767 г. и вели дека Лангобардите „riinunziarono all Istria“ и „esse venne tutta per appartenenza romano-bizantina“ (Luciani, o.c., 14).

[218] Кандлер донесува дека во 767 г. се склучени договорите помеѓу Франките, Лангобардите и Грците, според кои на Истра и била признаена византинска припадност и таа била подложна на венецијанскиот дужд (Kandler, Annali. . . 14—767). De Frnceschi пишува дека според договорот, склучен во 767 г. помеѓу Лангобардите и Византија, Истра требаше да биде вратена на овие последните. Но ова сè уште не се случило во 768 и 769 г (C. de Franceshi. o.c., 84). Dellagiacoma смета дека со тој договор сега Истра била вратена на Лангобардите и обединета со останатиот дел на Венеција (Dellgiacoma, o.c., AT NS III, 360).

[219] Benussi смета дека Истра како анектирана покраина припаѓала под црковна јурисдикција на градешкиот патријарх, а не под световната власт. Наедно го побива Ghrörer, кој тврдел дека истарските бискупи го лишиле од покорност градешкиот патријарх и преминале кон лангобардскиот метрополит во Аквилеја, бидејќи изворите навистина зборуваат за одметништво од него, но не и на покорност кон Аквилеја (Behussi, L'Istria . . . 102, 99, 100). Gruber пишува дека според главниот договор, кој бил склучен во Павиа во 754 г. помеѓу Римјаните (т.е. папата), Франките (Пипин Мали) и Лангобардите на папата му припаднала Истра и Венеција, а според тој договор во црковен поглед и на градешкиот патријарх. Но истарските бискупи, цотпирајќи се на поткрепата на Лангобардите, не сакале да му се потчинат на овој патријарх (Gruber, o.c. 17).

[220] „vestrae Histriarum provinciae. . . vestra Istriarum provincia constat esse confirmata, atque annexa, simulque Venetiarum provincia. . “ (KCDI I—769. Од ова се гледа дека и тогаш биле две Истри и две Венеции (т.е. копнена и приморска). За тоа зборуваат подетално изворите (G. Vettach, o.c., 26; G. Monticolo, o.c. I, 59; Chronicon patriarcharum Aquilejensium, J F. B. M. Rubeis, o.c. 7; Fr. Kos. o.c. I, 70, 71). Меѓутоа, L'Ulivi (Das Fragmentum Fantuzzianum neu herausgegeben und kritisch untersucht. Ein Beitrag zur Geschichte der Enstehung des Kirchenstaates von Gustav Schnürer nach Diomedes Ulivi, Freiburgen kritische Studien II, Freiburg 1906, cap. V) мисли дека за Венеција и за Истра ова е интерполација, додека за апсолутна легитимност на тој пасус е: E. Sackur (Die Promissio Pippin von Jahre 754 und ihre Erneuerung durcn Karl den Grossen, Mitteilungen des Instituts für österr. Geschichtsforscnung XVI, 1895, 385—424), а Mühlbacher /Diplomata Karolinorum I, MGH (1906)/ го смета тоа за груб фалсификат на XI век. (A. Danduli, o.c., RIS f. 315, 120).

Наедно франачкиот крал, верен на св. Петар (т.е. на папата) се обврзал дека секогаш ќе ги брани од непријателските напади покрај папинските римски покраини и Равенскиот егзархар и провинците на градешкиот патријарх.[221] Во врска со сето ова папата им пишал на сите бискупи[222] во целата покраина Истра,[223] за што го известил и градешкиот патријарх[224] Иван,[225] кому исто така му напишал и за оној договор помеѓу „Византинците", Франките и Лангобардите.[226] Според папиниот израз „in nostro pacto generli..." јасно е дека тој договор бил склучен помеѓу Римската курија, Франките и Лангобардите, а не помеѓу Византинците (како што некои сакаат) и оние два народи — и тоа дава сосема друг преглед во политичките и во црковните прилики на Италија и на Истра!

## 8.

Кога Карло Велики (768—814) среде заземањето на Павиа, во која што се засолнил Дезидериј (774), стигнал во Рим (на 2. IV),[228] тој „подарил", на св. Петар и на папата Хадријан I (772—795) некои места и земји,[227] меѓу кои и „...provincias Venetiarum et Histriam...".[229] Едниот примерок од оваа даровница, како што наведува Анастасиј Библиотекаар, бил сочуван кај папата а другиот го однел со себе Карло, кој заминал кон Павиа и откако и го покорил Дезидериј истиот го одвел во Франачка. Наедно Анастасиј изнесува како Карло на папата му подарил градови и земји, а меѓу нив и Равенскиот елзархат и спомнатите провинции: Венеција и Истра, сиот сполетски и беневентански дукат. По повод таа прилика овој владетел под заклетва ветил дека се што е она што е во таа повелба наброено, тој ќе му го предаде.[230] За оваа даровница Bahmann едноставно вели дека

---

[221] „... et ipsam quoque vestram provinciam..." (KCDI I—769).

[222] Дандоло пишува дека тие наспроти овие писма не сакале да се опаметат (Danduli, o.c. RIS f., 315, 120; Fr. Kos, o.c. I, 2798).

[223] „...omnibus episcopis per universam provinciam istriam constitutis..." (KCDI I—768).

[224] Во тоа исто писмо до градешкиот патријарх папата ги спомнува Јовановите неверни и опасни присталици во неговата покраина Истра (perfidis et malignis aemulis vestrae Histriarum provtnciae.. /KCDI I—768; A. Danduli o.c., RIS f. 315, 120/).

[225] Ова писмо иа Иван го публикувал покрај другите во целости А. Дандоло (o. c., RIS f. 315, 120, 121), додека Fr. Kos го дава само неговиот широк регист (Fr. Kos, o.c. I, 278). Ако се спореди текстот на тоа папино писмо кај Дандоло и Kandler, ќе се запазат големи и значајни разлики.

[226] Во писмото на папата Иван покрај останатото стои и ова: Quoniam in nostro pacto generali, quod inter Romanos, Francos et Langobardos dignoscitur pervenisse, et ipsa vestra Ystriarum provincia constat esse confirmata atque adnexa, simulque et Venetiarum provincia..." (A. Danduli o.c., RIS ф. 315, 120-под 769. година).

[227] M. L. Hartmann, o.c. II/2, 268, 269.

[228] Ова исправа е „изгубена" и нејзиното тн. резиме се наоѓа во Vita Hadriani, c. 42 (Fr. Kos, o.c. I. 281).

[229] Fr. Kos, o.c. I, 281.

[230] Vitae Romanorum Pontificum: Anastasius Biblithecarius, (Vitae Hadriani I), L. A Muratori, Scriptores rerum italicarum III/2, Mediolani 1734, 186, 187.

на 6. IV 774 год. Карло Велики на папата му ја обновил само онаа даровница која била издадена во Киерзиу, а која се однесува на истите градови, така што таа била повеќе „eine Anweisung auf die Zukunft отколку ли „Übergabe der betreffenden Lande"[331] P. Scheffer-Boichorstru отфрла двете даровници (и Пипиновата и на Карло) како фалсификати и укажува дека подоцна во Карловата исправа е интерполирано онаа место за дарувањето на земјите и местата, секцирајќи ја реченицата по реченица од текстот на божемната оваа исправа.[232] Polesini пак спротивно верува во овие две даровници: на Пипиновата и на Карловата.[333] Benussi пак донесува извадок од „Historiae Farfensis" (Pertz MG H XI 570), каде стои пасусот: „... Adriano papae Carolus concedi spopondidit ... atque provinciam Venetiam et Histram ..." во лажниот договор на царот Отон I и папата Иван XII (Peraz, MG hist. Legum II, 104 под 13. II. 962 год.. Тука стои дека Карло нему му дарува „... atque provinciam Venetiarum et Histria ...* кое Ficker (Forschungen zur Reichs und Rechtsgeschichte Italiens II, Insburk, 1869, 354, 358 и т.н.) го смета за подоцнежна интерполација. Понатаму самиот Benussi наведува и уште некои писатели, од кои едните зборуваат за автентичноста на Пипиновата и Карловата даровница, додека другите ја отфрлаат; кон последното мислење и самиот Benussi се приклучува.[234] Исто така и Sackur многу уверливо докажува преку критиката на изворот дека Пипиновата и Карловата даровница од 754 и 774 год. се фалсификати, од каде што може да се види дека овие владетели само ветиле некои поседи во Италија[235] и ништо повеќе. Значи ни збор за Венеција и Истра!

И додека и Sybel исто така истапува против автентичноста на овие даровници Keher се обидел на духовит начин да ја поврати вербата во нив,[236] во чија што вистинитост сепак не успеал да го убеди Sybel. Дури и Hartmann изразил сомневање во автентичноста на оваа Карлова даровница.[237] Значајно е дека самиот Дандоло, кој зборува општо земено за Карловото дарување на поседите на папата,[238] со ни еден збор не ги спомнува меѓу нив: Венеција и Истра. Исто така не и Platyna,[239] додека во „Il testo del documento del codice Trevisano" c. 13 p. (cf. Italia Pontificia VII, n. 24) стои „... et provinciam Venetie et Ystrie ..."[240]. Како што се гледа и Пипиновата и Карловата даровница се фалсификат. Па затоа во т.н. Карлова даровница нема ни збор за отстапување на Венеција и на Истра, бидејќи тоа е подоц-

---

[231] R, Baxmann, o.c., 275, 276.

[232] F. Scheffer—Boichorst, o.c., Mitteilungen.. V, 193—212.

[233] F. de Polesini, o.c., lla, 12 (Historijski arhiv, u Риека..).

[234] B. Benussi, L' Istria ... 103—106.

[235] E. Sackur, o.c., Mitteilungen.. XVI, 384—425.

[236] P. Kehr, Dte sogenannte Karollingische Sckenkung von 774, Historische Zeitschrit 70 Bd, München und Leipzig 1893, 385—441.

[237] M. L. Hartmann, o.c. II/2, 325—327.

[238] A. Danduli o.c., RIS ф. 315. 121.

[239] Platynae o.c., RIS f. 143, t. III, p. I, 136.

[240] A. Danduli o.c., RIS f. 315, 121.

нежна интерполација, така што за автентичноста на оваа исправа воопшто не може да се расправа, а особено не за нејзината неточна содржина и за вметнувањата. Наспроти тоа Кандлер пишува дека по пропаста на Лангобардското кралевство 774 год. Истра се вратила под власта на Византија,[241] а во својата историја на Трст вели дека 767 год. таа е призната за византиска. Но сепак е сигурно дека таа се вратила 774 год. под власта на Византија по падот на Лангобардското кралевство.[242]

Уште порано de Manzano укажува дека дури 779 год. Истра е вратена на Грците,[243] додека Benussi се обидува доста неуверливо да образложи зошто таа земја уште тогаш не припаѓала на Франките туку на Византија,[244] Vergottini ја става визанискаta владавина во Истра во 774(?) до 778(?) и назначува дека со неа владееле магистри милитум низ тоа време, потчинети директно на византискиот цар и дека немале никаква интерференција со византиските дуждеви во Венеција.[245] Грубер пак опширно расправа и вели дека Византинците, по победата на Карло Велики над Дезидериј кога тој се именувал за „лангобардски крал", тие пак ја освоиле само Истра, можеби на повиќ од самите Истрани, и заклучува дека можеби тогаш, кога оваа земја се вратила под византиска власт, на која и припаѓал и градешкиот патријарх, можела да ги исполни желбите на папата и на патријархот, т.е. дека истарските бискупи повторно го признале градешкиот патријарх за свој црковен господар.[246] И додека Pirchegger само вели дека Истра од 774 до 788 год. повторно е византиска,[247] Kirac само пишува дека Венецијанците, Градеж и Истра таа година (774) повторно се под Грците.[248] И додека Rujnić изнесува дека по падот на лангобардското господство Византиците повторно завладеале со Истра 774—788 год,[249] N. Klaić, ползувајќи го Vergottini пишува дека „на кратко време, од 774—788 год. е обновена византиската власт" и дека по заземањето на Фурланија (776) франачката граница е поместена „до Соча", а за самата „пресметка и со византиската Истра" е завршена „788 година".[250] Според тоа, по пропаста на лангобардската држава [251] и заробувањето на Дезидериј, кој автоматски престана да владее со своето кралевство, па така и со едниот дел на Истра, оваа

---

[241] P. Kandler, Fasti istriani, L'Istria V, No 2, str. 9; Istiot, Annali... 14—774.

[242] P. Kandler, o.c., AT NS (III) VIII, 90.

[234] F. di Manzano. o.c., 233.

[244] B. Benussi, L'Istria..., 107.

[245] G. de Vergottini, o.c., Atti. XLIX, 53, 56.

[246] D. Gruber. o.c., 17.

[247] H. Pirchegger, Uberblick über die territoriale Entwicklung Istriens, Erläuterungen. I/4, 483.

[248] L. Kirac, Crtice iz istarske povijesti, Zagreb 1964, 48.

[249] M. Rojnić, Istrie... 8.

[250] N. Klaić, o.c., 106, 167.

[251] Fr. Kos вели дека со освојувањето на лангобардската држава Карло ги добил во своите раце Фурланија и соседните земји, имено Бенешка Словенија и Корушка (Fr. Kos, o.c., I, 281).

земја требаше да и припадне на Византија. Така и повторно истарските приморски градови се во рацете на Византија. Но наспроти тоа после повлекувањето на Лангобардите од својот посед во Истра, Византија се сврза со некаква цел со фурланскиот војвода Hrodgaud[252] и Адалгис,[253] Дезидеровиот син, да се нападнат Карло и папата Хадријан од копно и од море.[254] Но Карло го победи Hrodgaud[255] и ги заседе тогашните бунтовнички градови (Trevisco, Čedad), кои ги подари на своите Франки.[256] Така Карло сосема се доближил до границите на Истра.

Дури сега истарскиот бискуп Мауриција[257] настојувал да ја предаде „teritorium Historiense“, т.е. истарската покраина на Карло

---

[252] За него велат Annales Laurissenses дека „voluit Italiam rebellare. . .t“ (Ann. Lauriss. 775, MGH SS, 154/V. Joppi, Unedirte Diplome aus Aquileia (799+1082)., Mitteilungen des Instituts für oesterreichische Geschichtsforschung I, Innsburck 1880, 261/). Cessi пак врз основа на Codex carolinus (N. 57, MGH, Epist, III, 582) пишува дека тој бил наговорен на одпад од византинските посланици, кои дошле од Истра (R. Cessi, Le vicende. . . I, 261).

[253] D. A. M. го нарекува дури Аделгис „duca d'Istria“ (D. A. M. Centenari Istriani,. tratti dalla mia raccolta“ Annali Istriani“, La Provincia a. XXII, No 2, Capodistria 1888, 12) Кандлер пак измислува кога пишува дека Дезидериј и Аделгис ги имале титулите на војводи од Истра. Наедно тој додава дека 788 г. овој вториот бил наречуван исто така, војвода од Истра кога во Равена со Византинците сакал повторно да го освои Лангобардското кралевство, но паднал (KCDI I—778).

[254] Vitae Romanorum Pontificum. L. A. Muratori, Scriptores. . III/2, 212, 213; Fr. Kos. o.c. I, 284.

[255] Hartmann врз основа на аналите од 776 г., раскажува како овој војвода е убиен, а неговите приврзаници побегнале кај Аварите (Hartmann, o.c. II/2, 283), додека Benussi, не спомнувајќи од каде го зел тој извор, изнесува дека неговите приврзаници се засолниле кај Аварите, а другите во Истра (Benussi, L'Istria. . 108) .

[256] Fr. Kos, o.c., I, 285—288. Дандало го става овој бунт во 777 г. (Danduli, o.c. RIS f. 315, 122). Така и Böhmer—Mülbacher (Regesta imperali: I Die Regestendes Kaiserreich unter den Karolingern 751—918, Insnbruck 1889, 76), а Cessi (Le vtcende . . . I, 261) во 776 год.

[257] Scnönleben, донесувајќи го писмото на папаа Хадријан упатено до Карло за Мауриција, скренува внимание дека уште Луциус бил на мисла дека тој е копарски бискуп. Но тој сепак смета дека е „емонски“ (Schönleben, o.c., 386, 387). Негри иако ги цитира одделните извадоци од Schönleben i Rubeis, не се определува (Negri, o.c. Atti. . VII, 167). Dümmler го датира писмото на Хадријан до Карло со 768—780 г. и наведува дека Ughelli смета дека Мауриција е емонски бискуп (Epist. Merovingci et Karolini aetatis I, Codex Carolinus, MGH, Ep. III, 590) Paschini вели дека Мауриција бил задолжен од Карло да собира данок а во нотесот додава, иако има натпис во Новиград, каде се спомнува тоа име, сепак не е сигурно дека тој навистина бил бискуп на Новиград (Paschtni, o.c. I, 147, 156). Rubeis спротивно смета дека тој бил новиградски бискуп (Rubeis, o.c. 332). а Kandler изнесува дека овој прелат се спомнува на мраморната крстилница во Новиград како „Mauricio Episcopo“ (KCDI I—778). Прераскажувајќи ја содржината на Scnönlebenovoto излагање Benussi вели дека тогашните крањски историчари не биле добро информирани за Истра (Benussi, L'Istria, 115, 116). Babudri го става Мауриција за бискуп на Новиград во време од о. 776 г., а дека станал пред 804 г. и според најдениот натпис во Новиград, каде што овој прелат се спомнува како и од бројната литература тврди дека постоела двајца бискупи кон крајот на VIII век со исто име. Затоа се прашува кој е тоа бискуп на „Istriensis Mauricius“, го побива мислењето на Benussi и заклучува дека овој бискуп бил бискуп на Новиград од веќе спомнатата година (Babudri, Roulo cronologico dei vescovi di Cittano d'Istria, AT III, NSV, Trieste 1909, 344+351). M. Kos вели за Мауриција дека помеѓу 776 и 780 се спомнува во писмото на папата Хадријан I како истарски бискуп, а некои мислат дека бил бискуп на Трст, па го ставаат во 766 (M. Kos, Opazke k hronološke vesti tržaški škofov v srednjem veku (сепарат) ,5,6).

Велики, т.е. на Пипин, кралот на Италија,[258] синот на Карло. Но тамошните Византинци а и самите Истрани[259] го ослепиа својот бискуп,[260] кој по желбата на кралот таму собирал данок и го праќал на папата. И покрај својата ослепеност сепак Мауриций успеал да избега и да стигне кај папата, кој го испратил кај франачко-фурланскиот војвода Маркариј.[261] Затоа папата[262] му пишал на Карло,[263] опишувајќи се што

[258] Пипин бил прогласен за крал од папата Хадријан во април 781 г. Hartmann пишува дека веќе тогаш Пипин владеел како крунски владател со Италија со титулата на лангобардскиот крал во Павиа и дека лангобардскиот крал и другите гермасжи владетели се титулирале како „vir excellentissimus" (Hartmann, o.c. II /2,289). Во ова пак писмо папата Хадријан кралот го нарекува „Vestram Execllentiam" и „Vestrae sublimi Excellentiae" (Dellargiacoma, o.c., AT NS, 346; KCDI I—778).

[259] Valvasor вели дека и со Истраните, за кои се сомневало дека за време на Карло Велики, многу лошо постапувале, бидејќи таа земја беше под власта на Грците. Меѓу сомнителните бил и истарскиот бискуп Мауриций, кому му ги извадиле очите но наскоро беа поразени Грците од Франките и протерани (Valvasor, o.c. IV, 247). Грубер пишува дека Карло Велики фрлил око на Истра и се обидувал таму да направи себе нему наклонета странка, со чија помош би завладеал со таа земја. Како ја зголемувал моќта на свштеништвото, не е ни чудо што покрај него се ставиле двајцата патријарии и истарските бискупи (со останатото свештенство) и го потпирале во тоа, надевајќи се дека и тие со промената на политичките прилики ќе се домогнат до моќ и до богатство. Наспроти тоа народот во Истра, кој го почуствувал тешкиот јарем на лангобардското господство, знаел да ја цени многу поблагата византиска власт, па затоа не тежнеел кон франачкото господарство. Поради тоа и го ослепил својот бискуп Мауриций, во кој се сомневал дека работи за тоа Истра да ја стави под власта на Франките. (D. Gruber, o.c., 17, 18). Dabinović пак пишува дека во Истра „народот го фатил бискупот Мауриций, кој ги слушал римските наредби, и го ослепил „(Dabinović, o.c. Rad JAZU 239, 174).

[260] Benussi, L'Istria... 97 пишува дека тоа се случило во 778 год.

[261] Menzano го става „Мркуриј" или Марквард во 776 г. и вели дека станал фурлански војвода на местото на Родгауд (F. di Manzano, o.c. I, 232). Paschini пак донесува дека Маркари е непосредниот наследник на Родгаст и дека се спомнува во писмото на папата Хадријан до Карло о. 779 (Paschini, o.c., I, 147).

[262] De Franceschi вели дека од писмото на папата Хадријан за Карло од 778 г. се распознава дека во тоа време нему му била подчинета Истра, која малку потоа подпаднала под власта на Византија. Имено се раскажува дека Грците кои биле населени во Истра и самите Истрани, мислејќи дека бискупот Мауриций од (Новиград) работи на тоа оваа покраина да ја предаде на Карло, и на тој прелат му ги извадиле очите (Franceshi, o.c., 84). Cessi вели дека од ова писмо на папата за Мауриций се гледа дека постоела аверзија кон Франките во Истра и дека само по себе е разбирливо дека оваа земја била франечка, пред се ако се има предвид дека фурланскиот војвода во неа можел да ја обавува својата власт и да ги спречи навредите кои беа направени на прелатот и да го врати на неговото место. Изразот proponentes et, ut quast ipsum territorium Histriense vestrae sublimae excellentiae tradere debuisset, нема политичко значение, бидејќи истарската територија веќе беше под власта на Франките (Cessi, Venezia ducale I, 138).

[263] Lucius едноставно го става ова писмо на папата кое е упатено до Карло (Domino Excllentissimo Eximio Filio Carlo Francorum et Langobardorum atque Patritio Romanorum Adrianus Papa) во годините на Хадријаново папство од 772 до 795 г. (Lucius, o.c. 66) додека тоа исто писмо, според Rubeis, кое е упатено до Пипин, како тоа стои во Codex Karlinus го донесува истиот тој Rubeis покрај безуспешното образложение дека се однесува на Карло и го датира: по 781 а пред 788 г. (Rubeis, o.c., 332). Dellagicoma донесувајќи го текстот на ова писмо од папата Хадријан I божем на Карло во целост од Cenni, Codex Carolinus и Muratori (RIS, t. X) вели дека неговото датирање е несигурно, а која Cenni го изедначува со 778 или помеѓу 774 и 781 г., додека Муратори го префрла во 779 г. Меѓутоа нему му се чини дека тоа се случило 776 г., додека Мауриций го смета за бискуп на Трст, кој управувал со таа дијацеза од 766 до 788 г. (Delgi.acoma, Fortunato di Trieste... AT NS III, 346, 363). Kandler го става тоа писмо во 778 (KCDI I—778), Fr. Kos (o.c., I, LIX,

претрпел тој бискуп и го замолил да му заповеди на тој војвода Мауриције да го врати во неговата бискупија.[264] Од ова писмо покрај тоа се дознава дека во Истра била и профраначка странка,[265] која кришум ја организирал токму Мауриције. Исто така се гледа дека во приморскиот дел на Истра била многу силна пропагандата за анексија со новообразуваното кралевство на Карловиќи во Италија. Бидејќи настрадал бискупот Мауриције како папин и франачки експонент во Истра, тоа е разбирливо зошто папата Хадријан I барал посредување на франачкиот владар, т.е. војна акција на фурланскиот војвода Маркариј, кој што директно му бил потчинет на својот крал, во полза на ослепениот прелат. Дали по ова папино ургирање дошло до ваква франачка интервенција? Ако не веднаш, таа секако настапила или во периодот помеѓу 778—789[266] или 791 г.,[267] кога Истра[268] имаше

---

292) помеѓу 776 — 780, Benussi (o.c., 114) во 778 или 779, а така и L. Kirc, o.c., 49. Меѓутоа Gruber уште порано изнел дека папата 778 г. му пишал на Карло Велики за Мауриције, молејќи го да му нареди на фурланскиот војвода Маркариј да го воведе назад во неговата бискупија. Дали тоа го сторил војводата, додава Грубер, и со војската кренал кон Истра, не е познато. Но не е веројатно, бидејќи Истра одвај 10 год. подоцна потпаднала во рацете на Франките (Gruber, o.c., 18) .Cessi пак заклучува дека франечкото господство во Истра било сигурно загарантирано врз основа на писмото на Хадријан до Карло (помеѓу 776 и 780) за истарскиот бискуп Мауриције и од рижанската скупштина по 804 г. (Cessi, Venezia ducale I 131).

[264] Rubeis, o.c., 332; KCDI I—778; Benusstl L'Istria. . . 114, 115 (според Kandler) Fr. Kos, o.c., I, 292 (regest). Инаку има некои разлики во изразите кај Кандлер (т.е. Rubeis) и Fr. Kos.

[265] За оваа странка знаат и Gruber, o.c., 17; како и Šišić, Povjest. . .305.

[266] Rubeis смета дека Истра подпаднала под Карло о. 789 г. (Rubeis, o.c., 330—332). Kandler вели во 1850 дека 789 г. Карло Велики завладеел со Истра, а единствено Копар, Пиран и Умаг биле во византински раце. Така Истра е одцепена од Венеција и подчинета на фурлансите војводи (Kandler, Fasti . . . V No 2, стр. 9; Istiot, Annali . . . 14—789). Види 1851 г. каде дури пишува дека 789 г. Карло ги преместил Словените во Истра, во оние места кои останале пусти (Kandler, Epoche per li Slavi nell 'Istria, L'Istria VI, No 6,28). Оваа год. ја донесува Kandler и во својот CDI I (778), а така според него (L'Istria VI, 83) и Marsich Quando e come vennero gli Slavi tn Istria, AT NS XIII, Trteste 1887, 413). Dümmler го става ова освојување во 788 г., и вели дека до тоа дошло по прекинот на непријателствата помеѓу Франките и Грците, и дода ва дека Истра го задржала својот сопствен дух (Dümmler, Über die älteste Gesichte der Slaven in Dalmatien (549—920), Sitzungsbericht der k. k. Akademie Wisenschaften—Philospoh. — hist. Classe 19 Bd., Wien 1856, 383). Bömer—Mühlbachr сметаат дека Карло ја зазел Истра по победата над Грците во Ј. Италија и над победата над Аварите во Фурланија (Böhmer-Münlbacner, o.c., r, 118). G. Manojlović држејќи се до Harnack (Die Bezienung. . . 31) изнесува дека токму тие години (т.е. 787 и 788) Карло ја зазел и досегашната царска земја Истра, по сета прилика според неговото мислење" истата по уништувањето на Тасила и Карловата победа во Ј. Италија, т.е. 788. г. и со тоа директно за прв пат од царството ја грабнал едната земја, а се доближил и до оваа страна поблиску до Аварите и на Балканскиот Полуостров" G. Manojlović, Jadransko primorje IX stoleća u svetlu istočnorimske bizantske povjesti, Rad JAZU 150, higreb 1902, 9). Negri вели дека Rubeis i Muratorij се сложуваат со мислењето на П. Пагги во поглед на 788 г., а кон тоа и тој се придружува (Negri, o.c., Attti . . . III, 117, 118). Franceschi пишува дека од писмото на папата Хадријан до Карло о 778 се гледа дека Истра во тоа време му била нему подчинета, а можеби и некои помали приморски градови, т.е. дека таа дошла под управа на фурланскиот војвода (Franceschi, o.c., 84, 85). Benussi вели дека сосема е сигурно дека Франачка завледеела со Истра (Benussi, o.c. 117). Ова Бенисиево датирање го прифаќа и F. Mayer (o.c., Atti. . . XXII, 396). Luciani, следејќи го Kandler, пишува дека Карло 789 г. загосподарил со поголемиот дел на Истра, оставајќи им ги на Византинците Копар, Пиран и Умаг. Франачкиот дел на Истра бил обе-

веќе својот „dux“.[269] Тогаш е Истра конечно под франачката власт и таа даде успешно свој прилог во тогашната војна против Аварите.[270]

## 9.

Истра, која од времето на Јустинијан I (527—565) па до времето на Константин VI (780—799) Византинците ја губиле на неколку години и повторно ја враќале, во контакт со Лангобардите преживеа

динет со кралевството Италија и за прв пат била одделена Истра од Венеција и истата била ставена под власта на фурланските војводи (Luciani, o.c., 14). Коблер пишува дека Карло Велики 788 г. војувал со грчкото царство и дека во тек на тоа време тој ја зазел Истра, Либурнија и делот на Далмација (Kobler, o.c., I, 37). Delagiacoma изнесува дека најмалку по 788 г. Истра е под власт на Франките, кои ја победиле Византија во Италија (Калабрија) во истата година. Наедно додава дека една франачка војска стигнала во Фурланија за одбрана од Аварите и нив подоцна ги победила, а многу е веројатно дека таа војска влегла и во Истра и ја зазела таа земја (Gruber, o.c. 18). Šišić дури вели дека франчаките чети во 788 г., по победата над византиските чети влегле во Истра и ја освоиле (Šišić, o.c. 306). Kretscnmayr го уфрла ова заземање на Истра во 787/8 (o.c., r, 53), Tamaro (o.c., I, 150) во 787 или 788, а Pirchegger (o.c Erläuterung I/4, 489) во 788 г., а така и Kostrenčić (Statuti isarskih gradova i otoka, Suvremenik XIV Zabrge 1919, 542). M. Kos ова го става во 788 г. како почеток на господството на Франките во Истра (M. Kos Slovensko primorje in Istra, Beograd 1953, 43, 45), а во „Zgodovina Slovencev“ исто така во таа иста година и вели дека на Карло Истра му падала како зрело јаболко, бидејќи важната војна во Ј. Италија одлучила за границите помеѓу Византија и Франките (M. Kos, o.c., 63). M. Rojnić (Istrie.. 8) пишува дека во 788 г. таа земја преминала во рацете на Карло Велики. Grafenauer (Historija naroda Jugoslavije I, 147) овој настан го става исто така во 788 г., а и подоцна наведува дека војната помеѓу Франките и Византија во Ј. Италија при донела власта и над Истра со Трст до крашкиот премин да ја имаат Франките (Grafenauer, Zgodovina ... I, 161). И додека G. Novak, (Prošlost Dalmacije I, Zagreb 1944, 95) преминот на господството над Истра го става во 787/8., Ferluga (o.c., Zbornik XXXVI/2, 93) пак го датира со 788 „кога Истра ја зазеле Франките“ и тврди дека од 751 до тогаш таа била „самостојна единица под магистер“, што е секако неточно.

[267] Vergottini (Brevecsaggio d'istoria antica e moderna della cttà di Parenzo nell 'Istria, Venezia 1796, 11) смета дека Истра после Грците во 791 год. паднала под Карло. Dihel (o.c., 47) ова освојување го префрла исто така во 791 г. и вели дека кон крајот на VII век од Истра се истерани Византинците, додека Fr. Kos (o.c., I, 279, 314) е за тоа дека ова освојување се случило о. 788, но секако 791 г. Понатаму пишува дека во 788 по поразот на Византинците, кои не само што склопиле неповолен мир со Франките ами им ја отстапиле Истра, Лубурнија и Далмација, но приморските места во Далмација ги задржале. Кои беа тие места се гледа од рижанската скупштина.

[268] Истра како θέμα во византиско време беше според Mayer под магистер милитум, кого подоцна го заменил франачкиот дукс (Mayer, o.c., Atti... XXII, 438). Vergottini (o.c., Atti.. XLrX, 51, 53) пишува дека таа станала Франачка 788 (?) и дека со неа владееле франачките војводи од 791 до 804 г. Dabinović (o.c., Rad JAZU 239, 189) дури се надминал, кога вели дека Истра „како знаеме, се до ахенскиот мир, била под Византија“).

[269] Дандоло, потпирајќи се на Егинхартовите (Einanrdovite) Vita Caroli Magni пишува „... Provtnciae quoque Istriae ab Imperio Constantinopolitano suractae Joannes per Carolum Dux ordinatus est“ (Negri, o.c. Atti-... II, 164)“. Ill. Dux de Histriae...“ (Rubeis, o.c. 361, 362; KCDI I—791; Fr. Kos. o.c., I, 313, 314). Kandler дури тој анонимен дукс го наречува произволно Henrik (KCDI I—791), кое добро го запазил Benussi (L'Istria..., 123), додека Rački (o.c., 297) уште во текстот во заградата му го додава името „Joannes“, а исто така (во заграда) и Böhmer — Münlbacner (o.c. I, 118).

[270] Dümmler (o.c., Sitzugsberichte ... 19, 383) исто така знае дека овој војвода се викал Иван, и дека бил под надзор на фурланскиот маркгроф. Fr. Kos (o.c. I, 279, 314) пак пишува дека Истра добила војвода во личноста Иван (малку подоцна се исправува и вели дека тој веројатно) е оној кој храбро се борел 791 г. против Аварите. J. Mal (o.c., 14) пак изнесува дека низ земјата на истарскиот војвода одела 791 г. Пипиновата војска на Словените преку Илирик (овде ја набројува и околината на „Tarstiae“), кој се припоил кон оваа армија.

многу тешки дни. Имено, лангобардскиот народ и неговите владетели уште пред своето конечно населување во Италија, на Истра и нанесоа големи штети, на чие чело беше византискиоот магистер милитум, потчинет на равенскиот егзарх. И покрај тоа што нам ни се многу добро познати одделните периоди од лангобардската историја, има неколку настани и датуми, кои се тесно сврзани со односите на Лангобардите кон Истра, кои и денес останаа и понатаму како сложени и нерешени проблеми.

1. Еден од тие е и прашањето: дали Лангобардите поминале по Истра и по кој нејзин предел на патот за Италија (568), и каде е заправо „Mons regis“ од Павле Ѓакон, т.е. дали е во Истра или надвор од нејзините граници. Понатаму што сѐ по својот пат низ еден дел од Истра тогаш Лангобардите срушиле, т.е. дали некои нејзини градови и кои или не? Така на пример во колкава мера е создавањето на Копар сврзано со разорната активност на Лангобардите во приморската Истра и како и кога заправо тој град го добил името „Justinopolis”, „Capris“ или „Capodistria“.

2. Во што се состоела војната експедиција на лангобардскиот војвода Евин во Истра и колкава беше поврзаноста со тој лангобардски упад присуството во Истра на војводата Грасулф и на неговиот син Гисулф, кој се ставил под власт на равенскиот егзарх (Цариград). Исто така е и прашањето: која година се случил тој настан и кој дел на Истра го ограбиле или некое време за себе го задржале Лангобардите, и под какви услови оттаму тие се повлекле и оваа земја повторно ја оставиле на Византија.

3. Особено е сложен проблемот за целовитоста и за поврзаноста на Венеција и Истра и во црковниот и во административно-војниот поглед низ една низа години. Понатаму кој заправо дел од Истра бил обединет со делот на Венеција и колкав простор од тие покраини бил во власт на Византија, а колкав на Лангобардите.

4. Кога 602 год. Истра ја пвачкосуваат здружените Лангобарди, Авари и Словени, исто така би било потребно да се одговори дали овие првите се задржале подолго или кусо време во оној дел од таа покраина, по кој пљачкале и кои беа последици од нивниот троен сојуз за Истра и за Северна Италија, а во врска со нивната трајна колонизација како и понатамошните односи со Византија.

Секако дека византиската одбрана на границите од нејзината Истра со таа здружена инвазија беше трајно оневозможена и парализирана.

5. Но и покрај тоа 680 год. провинцијата Истра се формира во византиска епархија, на чие чело е епарх или перфект или воен заповедник, можеби и царски регент. Со тоа таа покраина и сега добива многу повидно место во византиската војно-административна скала. Наедно, просторно оваа цивилна провинција — епархија со епарх на чело во целост се поклопувале со границите на новоформираната истоимена црковна единица на чело со градешкиот патријарх.

6. Како некои наши и италијански историчари многу повеќе му поверувале на Дандало, кој произволно го донел датумот на

настанувањето на Венецијанскиот дукат и самоволно ги проширил неговите граници, а не го зеле предвид Иван Ѓакон, кој од него е многу поверодостоен и постар извор, јасно е зошто тие погрешно заклучиле дека првиот венецијански дужд бил дужд и магистер милитум за Истра.

7. Како во заклучоците од т.н. синод во Рим од 1. XI 732 се фалсификати, тогаш отпаѓа и тврдењето на некои историчари дека таму бил определен градешкиот патријарх да биде примас за „целата Венеција и Истра".

8. Исто така отпаѓа и нереалната теза на некои научни работници дека војната помеѓу Словените и Лангобардите е кај месноста „Лауриана", за која единствено пишува Павле Ѓакон, дека е денешниот Ловран во Истра а не Лаварино кај Удине. Но затоа е факт дека кај ова место е склучен првиот воопшто познат мировен договор помеѓу Лангобардите и Словените. Навистина неговата содржина не е позната, но затоа познати се неговите последици т.е. Лангобардите и нивните водачи отсега па низ некое време и понатаму фреминувале од воена офанзива во дефанзива.

9. Преминувањето на Равена во рацете на лангобардскиот крал и со укинувањето на Равенскиот егзархат (751), Истра исто така доаѓа под лангобардска власт. Само не се знае точно: во која година Лангобардите загосподариле со Истра. Исто така не може да се каже и со кој дел на Истра тие владееле. Затоа не ни останува ништо друго освен да претпоставуваме. Покрај сè ова може да се земе како веројатност дека тогаш во Истра границите на лангобардската и хрватската држава биле во директен контакт.

10. Како за Пипиновата и за Карловата даровница во полза на божемната папска курија е утврдено дека се фалсификати, тогаш отпаѓаат и нивните ветувања дека тие владетели на папите Стјепан II и Хадријан I покрај останатите земји во Италија им ги подаруваат и: внецијанскиот дукат и Истра.

11. Исто така отпаѓа и Дандаловиот произволен мелез дека Дезидериј бил „dux Istriae", бидејќи во современите извори овој големец се спомнува, пред да стане лангобардски крал, само како „dux Heteruriae" или „dux militaris".

Инаку, од изворите е потврдено дека власта на Ленгобардите и на нивниот владетел во Истра беше многу строга, додека кон тамошните бискупи многу благонаклонета и дарежлива со цел тие да се придобијат и да отстапат од Градешката патријаршија. Но ова настојување е спречено со договорот помеѓу папата, Франките и Лангобардите и се останало по старо.

12. Исто така е интересно и важно прашањето: зошто Карло ја вратил Истра на Византија, откако го симнал последниот лангобардиски владател и сам станал лангобадски крал, потоа, која година тоа било спроведено во дело и до која година заправо Византија владеела со таа покраина.

13. Но затоа овде посебно треба да се потцрта очајничкиот обид на последните византиски властодршци во Истра да ги наго-

ворат фурланските војводи Хродгауд и Аделгис, синот на последниот лангобардски крал, со сконцентрисан вооружен напад да ги нападнат и од копно и од море Карло и папата, во што нивните намери биле благовремено спречени и тие претрпеле неуспех.

14. Значи сега беше само прашање на времето, кога Франките ќе влезат во византиска Истра не спречени од било кој, каде што веќе имаа своја силна тајно организирана профаначка странка (партија) на чело со тамошниот бискуп Мауриций. Но тој беше брзо фатен и ослепен од „nefandissimi Graeci in teritorio Histriensis", како што му пишува Хадријан I на Карло[271], па сепак и вака слеп успеал да избега кај папата во Рим. Тоа укажува дека мнозинството жители од таа покраина не биле расположени да ја заменат Византија за Франките и да ја признаат новата власт.

15. И крајно и денес не се знае, во која година е присоединета Истра кон државата на Карло Велики и кога го добила францускиот „dux", иако во современата историографија преовладува предимно прифатениот датум 788 година!

*

* *

Јасно е дека со овој наш труд само се начнати проблемите и прашањата, кои ги засегаат односите помеѓу Истра и Лангобардите од 568 до 774 год. Исто така е јасно дека сите тие проблеми, кои се изнесени и нафрлени во овој ист труд, не се однесуваат само на историјата на хрватскиот туку и на историјата на словенечкиот народ и на историјата на Италија, Австрија и Германија. Затоа навистина би било од полза нашите и странските научници повторно да се зафатат со овие сложени и на прв поглед нерешливи прашања, и што покритично да пристапат кон проучувањата на изворите од I и од II ред и да во таа прилика особено не ги запоставаат и материјалните споменици[272], кои секако полезно ќе ги надополнат писмените извори.

---

[271] Fr. Kos, o.c., I, 292 (F. Šišić, Povijest . . . 275, bel 11).

[272] Меѓу овие материјални споменици во врска со нашиот труд се истакнува гробниот инвентар на коњаничкиот гроб, најден случајно на малиот рид Брежац, кој ги обиколува јужните падини на Бузет, на тој клуч на Истра. Во тој гроб покрај аварските стрели се најдени и сребрени окови. Преку сличните споредби со наодите најдени надвор од Истра и Југославија др Бранко Марушиќ заклучува врз база на утврденото време на сахраната и на етничкиот значај на гробот на Брежац дека тука доаѓаат само предвид Лангобардите. Со тоа се овозможува уште поточно временско фиксирање на гробот, бидејќи од историјата е познато „дека во време од 588, 590 (?) и 602 г. дошло до напади на Лангобардите (602 год. во сојуз со Аварите и Словените во тогашната византинска Истра)". Па сепак др Марушиќ смета дека е тешко да се заклучи „дали на Брежац се сохранети само војници, кои помеѓу 588 и 602 г. ја напаѓале Истра и биле убиени некаде околу Бузет или можеби дошло секако и до кратко освојување на Северна Истра од страна на Лангобардите и до нивното привремено населување со војничка посада во освоениот бузетски каштел" (Br. Marušić, Langobardski i staroslavenski grobovi na Brešcu i kod Malih Vrata ispod Buzeta u Istri, Arheološki radovi i rasprave II, JAZU, Zagreb 1962, 453—461).

Со ваквата хармонична употреба на изворната материја ќе се постигне и поголем успех и позитивните резултати од ваквата работа нема да изостанат. Тие со тоа ќе внесат многу посилен блесок на светлина во овој така темен период од делот на нашата историја во составот на европската историја.

*STJEPAN ANTOLJAK*

## ISTRA AND LANGOBARDI

### Summary

In this contribution the author takes into consideration a few questions and problems from the period where Istra was in different connections and relations with the Langobards (568—774).

So, he puts a question about the passing of the Langobards through Istra on their way to Italy. Then he describes the military compaign of the Langobard's duke Evin in Istra and whose part belonged to Langobard's ruler and which on to Byzant.

Further in the text he pays attention to turning Istra into an eparchy (0,680) and refutes the claim of the Venecian chronicler Dandol about the establishment of the Venecian dukes and its frontiers. Besides that he writes about the falsified conclusion of synod in Rome (Nov 1, 732) in relation to Istra, about the battle between Langobard and Slaves with „Lauriana", then when Istra after the fall of Raven's Exarchate (751) comes under Langobard's authority.

At the end he gives comment on the falsified document as a gift from the Franciscan rulers Pipin the Small and Karle the Great in the professed interest of pope's curia in regard to Venecian dukes and Istra and once again refutes the claim of Dandol because of the title „Dux Istriae." He quotes what kind of intrigues Byzant took over two Furlans governors to endanger the authority of Karle and the pope in Italy, so that in this way in Istra the profranciscan party was formed and when this provinces got united in the state whose ruler was throned on the head of its „dux".